ISSN 2671-3764

МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ

# БЕЗБЕДНОСТ

INTERNATIONAL SCIENTIFIC JOURNAL **SECURITY**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**МИНИСТЕРТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
**MINISTRY OF INTERNAL AFFAIRS**

**ЗНАЧЕЊЕТО НА ДОВЕРБАТА НА ЈАВНОСТА ВО ПОЛИЦИЈАТА**

**ПОЛИЦИСКО РАБОТЕЊЕ ВО ДЕМОКРАТИЈА**

**ЗАГРОЗЕНА БЕЗБЕДНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ ОД КУЧИЊАТА СКИТНИЦИ И ДОМАШНИ МИЛЕНИЦИ**

**СИСТЕМОТ ЗА НАМАЛУВАЊЕ РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ПРИМЕНА НА СОВРЕМЕНИ КОМПЈУТЕРСКИ АЛАТКИ ПРИ ДЕТЕКТИРАЊЕ ИМПРОВИЗИРАНИ ЕКСПЛОЗИВНИ НАПРАВИ**

**БР. 8 / 2023**

**ГОДИНА LXI, БРОЈ 8, СКОПЈЕ, 2023 ГОДИНА**

ISSN 2671-3764

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

# МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ

# БЕЗБЕДНОСТ

## БР. 8 / 2023

Скопје, 2023

**Издавач:**
Министерство за внатрешни работи
на Република Северна Македонија
ул. Димче Мирчев бр. 9
1000 Скопје

*www.moi.gov.mk*
e-mail: *spisanie@moi.gov.mk*
Телефон: +389 (0)2 3 117 222
ISSN 0351-0220

**За издавачот:**
Оливер Спасовски, Министер

**Техничка обработка:**
Цане Мојаноски
Зоран Цоцовски

**Главен и одговорен уредник:**
Никола Дујовски

**Лектура:**
Елена Георгиевска

**Заменик главен и одговорен уредник:**
Агим Нихиу

**Печати:** Графо Пром Битола
**Тираж:** 100 примероци

**Секретар:**
Зоран Цоцовски

**Меѓународен уредувачки одбор:**
Оливер Бачановиќ
Цане Мојаноски
Наташа Пеливанова
Снежана Мојсоска
Трпе Стојановски
Марина Митревска
Тони Дескоски
Гордана Лажетиќ
Наташа Габер Дамјановска
Ќебир Авзиу
Зоран Ѓорѓевиќ
Владимир Цветковиќ
Соња Циндори
Андреј Сотлар
Неџат Корајлиќ
Детлеф Шредер
Норберт Лајтнер
Билбил Мемај
Руси Јанев
Крунослав Боровац
Премисил Росулек

Сите права се задржани.
Се забранува репродуцирање на публикацијата и нејзините делови, како и нивно трансформирање во разни медиуми: електронски, магнетни ленти, механичко фотокопирање, снимање и друго, без писмено одбрение на издавачот и авторите.

**С О Д Р Ж И Н А**

ПРЕДГОВОР........................................................................... V

ЗНАЧЕЊЕТО НА ДОВЕРБАТА НА ЈАВНОСТА ВО ПОЛИЦИЈАТА

д-р Богданчо Гогов ........................................................... 1

ПОЛИЦИСКО РАБОТЕЊЕ ВО ДЕМОКРАТИЈА

д-р Богданчо Гогов, д-р Јонче Ивановски ........................ 17

ЗАГРОЗЕНА БЕЗБЕДНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ ОД КУЧИЊАТА СКИТНИЦИ И ДОМАШНИ МИЛЕНИЦИ

м-р Младен Трајков........................................................... 31

СИСТЕМОТ ЗА НАМАЛУВАЊЕ РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Александар Иванов, д-р Кире Бабаноски, д-р Владимир М. Цветковиќ.................................................... 55

ПРИМЕНА НА СОВРЕМЕНИ КОМПЈУТЕРСКИ АЛАТКИ ПРИ ДЕТЕКТИРАЊЕ ИМПРОВИЗИРАНИ ЕКСПЛОЗИВНИ НАПРАВИ....................................................................... 71

д-р Марина Малиш-Саздовска, д-р Александар Иванов,

д-р Кире Бабаноски ........................................................... 71

# ПРЕДГОВОР

***Почитувани припадници на Министерството за внатрешни работи,***
***Почитувани читатели,***

Со особено задоволство и го претставуваме на стручната и на научната јавност новиот осми број на возобновеното меѓународно научно списание на Министерството за внатрешни работи „Безбедност“.

Исполнувајќи ја нашата основна визија – да придонесеме во изградбата на современа полициска служба која ќе биде гарант на безбедноста и стабилноста на нашата држава, но и препознатлив и доверлив парнет на меѓународната заедница, полиција во која работат посветени и мотивирани полициски службеници, ја поврзување науката и практиката за да ги извлечеме најдобрите можни препораки за секојдневното полициско работење, но и да ги прикажеме реалните бројки и фактите за полицијата во општеството.

Се надевам дека и со овој број, како и со секој нареден број на МНС „Безбедност“ ќе успееме да го привлечеме Вашето внимание и со нетрпение ги очекуваме Вашите предлози, сугестии и коментари.

Срдечено,

**Проф. д-р Никола Дујовски**
Главен и одговорен уредник

UDK 351.74:316.653(497.7)
UDK 351.74:005.322.5(497.7)

# ЗНАЧЕЊЕТО НА ДОВЕРБАТА НА ЈАВНОСТА ВО ПОЛИЦИЈАТА

**вонреден професор д-р Богданчо Гогов**
**Факултет за безбедност - Скопје**
*bogdanco.gogov@uklo.edu.mk*

**Апстракт**

Довербата во институциите на политичкиот систем, а оттаму и во полицијата, е прашање кое постојано е во фокусот на интересот на јавноста. Во литературата нема единствена дефиниција за довербата, што е најчест случај за општествените феномени. Во текстот ќе бидат разгледани одредени научни концепти за довербата, недовербата, а особено внимание ќе биде посветено на довербата на јавноста во полицијата. Во последниот дел од текстот ќе се осврнеме на значењето на полициските раководители во градењето на довербата со јавноста, но и на внатрешната доверба во институцијата.

**Клучни зборови:** полиција**,** доверба, недоверба, легитимитет.

## Вовед

Довербата е еден од важните општествени концепти, но неговата дефиниција и концептуализација остануваат отворени прашања во научните дебати. Довербата се дефинира различно, но пошироко прифатена дефиниција е: постои доверба кога ниту една од страните во заемниот однос нема да ја искористи или злоупотреби ранливоста на другата. Клучен културен мотив на денешното модерно демократско општество е дека довербата повеќе не може да се зема „здраво за готово“ или да се очекува секогаш, а недовербата речиси станува норма во денешното однесување на луѓето. Градењето или одржувањето на довербата е од централно значење во демократските општества бидејќи негативните искуства потенцијално водат до недоверба кон владата или другите институции и може да имаат многу негативен ефект, односно

потенцијално губење на довербата што ќе доведе до фрагментирање на општеството и негова дезорганизација.

Довербата може да се третира и да се поврзе со доверливоста на некое лице или на институција или како што пишува Харден, довербата е нешто повеќе од чувство и познавање на другиот, а доверливоста е мотив или збир од мотиви за преземање на заедничка акција. Имаме доверба бидејќи веруваме дека интересите на оној на кој му веруваме ги вклучуваат и нашите интереси во смисла дека и другиот има интерес меѓусебниот однос да продолжи и поради тоа нема да ја изневери нашата доверба[1].

Одредено гледиште ја смета довербата како ефект на добро однесување. Всушност, таа идеја може да се објасни на следниов начин : довербата е, или барем може да биде, причина за добро однесување спрема другите луѓе. Луѓето се приклонуваат кон довербата по автоматизам, а се изненадени кога таа доверба е погрешно разбрана од другиот, но, сепак, не ја повлекуваат лесно. Да се однесуваме лошо откако некој ќе ни верува, навистина, е тешко да се направи, тоа е порака што ја добиваме од совеста. Исто така, оној кој ја дава довербата на друг не се обидува да добие некаква предност, дури со тоа и ризикува, кога се потпира на добрата волја на оној во кој верува. Оној кој ја дава довербата, го набљудува однесувањето на другите и се обидува да им верува. Довербата, треба да биде чин во кој оној кој дава, не мора да очекува корист, туку тоа е чин на прифаќање на оној на кој му се верува во морален аспект.

Причините кои доведуваат до доверба се помеѓу разумот и емоциите кои се испреплетени, а ние, во когнитивното спознавање, вклучуваме не само перцепција и толкување, туку и евалуација, односно вредносни судови. Не само расудувањата, туку и толкувањата, па дури и перцепциите се оптоварени со емоции. Како и да е, можеме да разликуваме повеќе или помалку рационално заклучување дали на некого да му дадеме доверба од причини како што се емпатија, идентификација, пријателство или сродство. Емоциите се рационални при активирање на рефлексите или на вниманието кога тоа е потребно за опстанок, но, сепак, тие можат да нè доведат и до грешка. Тие можат да нè натераат да донесеме погрешни заклучоци и да предизвикаат предрасуди. Перцепциите на една личност за друга ќе бидат одредени не само од информациите што ги добива од неговите директни искуства или од она што другите му го кажуваат, туку и од потребата да ги апсорбира овие информации на таков начин кој вклучува емоции.[2]

---

[1] Hardin, R. (2002). Trust and trustworthiness. Russell Sage Foundation.

[2] Edward Elgar (2003), The Trust Process in Organizations, Empirical Studies of the Determinations and the Process of Trust Development, Edward Elgar Publishing Inc, USA.

Дојч[3] сугерира дека постои кружна каузалност помеѓу карактеристиките на учесниците во односот и резултатите од интеракцијата. Тој го нуди својот суров закон за социјални односи: „Карактеристичните процеси и ефекти предизвикани од одреден вид на социјални односи (кооперативни или конкурентни), можат да имаат различен резултат". Ако ова е вистина, тогаш мора да се биде многу внимателен како да се започне одреден однос со друг човек, бидејќи може да биде тешко да се излезе од првично воспоставениот начин на интеракција. Може да се каже дека односите меѓу луѓето не секогаш имаат тенденција да се зајакнуваат и продлабочуваат. Впрочем, во одредни случаи ривалска врска може да се развие во доверлива, а кооперативна во ривалска врска.

## 1. Довербата како карактеристика на општествените односи

Ентони Гиденс ја истакнува разликата помеѓу довербата во луѓето и довербата во апстрактните системи како што се владата, државните институции и различните организации. Довербата во лицата се гради врз заемна реакција и вклученост, а довербата во интегритетот на другиот е главен извор на чувство на интегритет и автентичност на самиот себе. Довербата во апстрактните системи ја обезбедува секојдневната функционална сигурност, но по својата природа не може да обезбеди заемност или интимност што ја нудат односите со лична доверба. Гиденс оди понатаму и ја поврзува оваа разлика во видовите доверба со разликата помеѓу традиционалното и современото општество, забележувајќи дека во предмодерните услови на живеење основната доверба била вметната во персонализираните односи на доверба во заедницата, роднинските врски и пријателствата. Иако во која било од овие социјални врски можела да биде вклучена емоционалната блискост, сето тоа не е услов за одржување на личната доверба. Институционализираните лични врски и неформалните лични врски на блискост, не секогаш се реални рамки на довербата[4].

Во литературата во Западна Европа и Соединетите Американски Држави за институционалната доверба, истражувачите, генерално, утврдуваат дека постои повисоко ниво на доверба кај луѓето со повисоки приходи и високо образование. На пример, Фрајтаг открива дека високото образование и приходите водат до поголема социјална доверба (доверба во другите), сугерирајќи дека образованието ги прави

[3] Deutsch, M. (1973). The resolution of conflict: Constructive and destructive processes. Yale University Press.
[4] Giddens, A. (1986). The constitution of society: Outline of the theory of structuration (Vol. 349). Univ of California Press.

луѓето со „отворен ум“ и на тој начин способни да прават рефлексивни избори за довербата.[5] Исто така, луѓето со повисоко ниво на образование покажуваат значително поголема доверба во владата и помала доверба во таблоидите во споредба со луѓето со понизок степен на образование. Дополнително, моделот на доверба на „рационален актер“ претпоставува дека луѓето можат да веруваат само на она што го знаат, па затоа, повеќе знаење потенцијално ја зголемува довербата до точка кога повеќе не е потребна доверба (целосно знаење). Исто така, луѓето со повисока социјална доверба имаат поголема политичка доверба и обратно, што сугерира дека луѓето со пониски примања и со понизок степен на образование, веројатно, ќе имаат помала доверба во политиката, политичките партии и потенцијално другите институции на моќ и хиерархија во општеството. Навистина, ова се поврзува со идеите на Путнам за довербата и општествениот капитал, при што тој тврди дека „сиромашните“ во сите општества се помалку доверливи од оние што „имаат“, бидејќи „сиромашните“ се третираат со помала почит.[6]

Потребно е поголемо разбирање на разликата помеѓу довербата и сигурноста. Еден од авторите, кој, без сомнение, го дава најбогатиот пакет на увиди и сфаќања за довербата и прави многу корисна разлика помеѓу довербата и сигурноста е Лухман. Според него „Довербата останува од витално значење во меѓучовечките односи, но учеството во институционализирани системи како што се економијата или политиката веќе не се поставува прашањето на личните односи. Од овие институционални системи луѓето очекуваат да обезбедат сигурност, а не само доверба“[7].

Идејата, дека довербата треба да е трајна и основна грижа во општествените односи меѓу луѓето од почетокот на XXI век е постојано третирана во научната литература. Така, Симел истакнува дека „Без општата доверба што луѓето ја имаат еден во друг, самото општество би се распаднало“[8]

За доверба во системот и во неговите институции, најчесто, се оценува преку тоа како се однесува во неговото континуираното функционирање во нормативните обрасци и во можноста да одлучува и да посредува во протокот и распределбата на ресурсите во системот. Она што поточно го дефинира системот, што го прави системот „X“ различен од системот „Y“, се различните видови на институции и улоги

[5] Freitag, M., & Traunmüller, R. (2009). Spheres of trust: An empirical analysis of the foundations of particularised and generalised trust. European journal of political research, 48(6), 782-803.
[6] Gray, B. E. (2011). Ensuring the Public Trust. UCDL Rev., 45, 973.
[7] Luhmann, N. (2000). Familiarity, confidence, trust: Problems and alternatives. Trust: Making and breaking cooperative relations, 6(1).
[8] Möllering, G. (2001). The nature of trust: From Georg Simmel to a theory of expectation, interpretation and suspension. Sociology, 35(2), 403-420.

што ги дефинираат целите на системот, можностите за учество во него, дистрибутивната правда, довербата во него и така натаму. Кога одреден систем ќе ја загуби довербата од поголемиот број граѓани, тој се распаѓа, како што се случило во Советскиот Сојуз во 1989 година.[9]

## 2. Јавната доверба во полицијата

Едноставно кажано, довербата на јавноста во полицијата е резултат на севкупноста на полициското работење. Полицијата ја стекнува довербата од јавноста преку фер и правично постапување, преку одговорна, ефикасна и ефективна превенција, откривање и пријавување на криминалот и други девијантни појави.

Да се каже дека имаме доверба во полицијата, значи дека веруваме дека таа е посветена кон безбедносните потреби на граѓаните, дека го прави тоа за што е законски надлежна, и дека е одговорна, професионална, ефикасна и ефективна во извршувањето на секојдневните работи.

Јавниот сензибилитет кон полицијата се должи на поседувањето на посебни законски овластувања за одржување на општествениот поредок и безбедност. Се очекува полицијата да биде фер и еднакво да постапува спрема сите, да поседува исти вредности, демократски определби и интереси со граѓаните и заедниците.[10]

Ако се вратиме од одмор и утврдиме дека станот ни е ограбен, ќе ја пријавиме кражбата во полициска станица и веруваме дека полициските службеници ќе преземат сѐ што е потребно за да се открие сторителот и дека нема да бидат заглавени со некаков друг проблем што би влијаел да не се открие сторителот во нашиот случај. Логитудиналното истражување на професорот Цане Мојановски утврдува дека полициската работа на таканаречените мали криминални проблеми има сериозно влијание врз довербата на граѓаните во полицијата. „Движењето на пропорциите на ставовите на испитаниците од 2008 до 2017 година покажува тенденција на благ пораст на ставовите со кои се изразува намалена доверба, а позитивно ориентираните ставови имаат позначителен пад од 2013 до 2017 година“[11]. Исто така, ова истражување утврдува дека полицијата не може да ја стекнува довербата на граѓаните, затоа што е ориентирана

[9] Adam B.Seligman, (1997), „The problem of trust “, Princeton Univeristy Press.

[10] Jackson, Jonathan and Bradford, Ben (2010) What is trust and confidence in the police? Policing: a journal of policy and practice, 4 (3). pp. 241-248.

[11] Цане Т. Мојаноски, Никола Дујовски, Марјан Ѓуровски, (2018), Полицијата и јавноста, (Анализа на истражувачки резултати 2009 - 2017 година), Факултет за безбедност-Скопје

кон решавање на други, а не на ситните, односно малите проблеми на граѓаните.

Уште еден аспект преку кој полицијата ја стекнува довербата е соработката. Ако две лица се занимаваат со каков било вид соработка, ќе треба да си веруваат еден на друг. Кога крилен напаѓач ја додава топката на соодветна висина во казнениот простор, тој верува дека центарфорот ќе биде тука за да упати удар со глава, а кога центарфорот ќе претрча по средина, тој верува дека од крилото ќе добие пристоен центаршут. Ако кој било од играчите не му верува на другиот, акцијата ќе пропадне. Слично, полицијата презема координирани акции во јавноста, а полициските службеници треба да покажат координација и соодветен степен на синхронизација во спроведувањето на акциите, да покажат меѓусебна доверба во настапувањето и во преземањето на мерките со цел тие да бидат успешни и да се преземе контрола над случувањата, или во краен случај да се воспостави безбедна средина на местото на кое се случува акцијата. Секој план што вклучува двајца или повеќе луѓе кои работат заедно, бара заемна доверба во меѓусебниот однос.

Граѓаните мора да имаат доверба во институциите, но, основното барање за институцијата е да има систем кој може да обезбеди сигурност. За жал, кога институцијата сака да оствари други цели, довербата се менува драматично. Ова доведува до она што се нарекува парадокс на изведбата, дека едноставните, несоодветни мерки на изведба брзо ја губат содржината на информациите, бидејќи оние кои ги проценуваат, дознаваат дека постигнувањето на целите на изведбата е поважно од генералниот обид за „добра изведба“. Од друга страна, чувствителните мерки што често се менуваат се скапи за спроведување, збунувачки да се проценуваат и тешко е да се оправдаат пред другите. Значи, институцијата може да обезбеди рамка за доверба преку јасни правила и предвидлива практика.

Во светот на глобални односи, доколку една институција ја изгуби довербата, луѓето може да го префрлат тоа и на други институции. Оттука, институција која сака да ја задржи довербата мора да се огради од кршењето на довербата на другата институција.

Некои односи претпоставуваат дека нивните објекти се еднакви - продавач и клиент имаат различни улоги и имаат различни одговорности во трансакцијата, но не постои можност за присилување на едниот или другиот, освен во многу невообичаени околности. Овие односи се хоризонтални, што не подразбира нерамнотежа на дејствување меѓу страните. Од друга страна, професорот има надлежност над своите ученици, како што има и генералот над неговите војници или полицискиот службеник над цивилното население (во

законски контексти). Секој од нив може да ја ограничи слободата на дејствување на оние над кои имаат овластување. Овие односи се вертикални, бидејќи наредбите се даваат според хиерархиската поставеност.

Воведувањето вертикални односи ги менуваат својствата и барањата за доверба. Ако сме во вертикална врска, на долниот крај, отстапуваме од контрола над нашите постапки и дозволуваме на власта да ја обележи нашата слобода. Понекогаш тоа се прави формално, како кога се потпишува договор со работодавците но, ова може да биде и неформално, на пример, кога сме во улога на членови на здружение или политичка партија. Особено во неформалните случи, ова го воведува концептот на почит, ние се подложуваме на авторитетот, на претседателот на здружението или политичарот.

Полицијата има голем број овластувања со кои може да гради вертикални односи со граѓаните. Тоа не значи дека односот на полицискиот службеник спрема граѓанинот е, и треба да биде во релација надреден-подреден. Релацијата, односот, начинот на вербална и невербална комуникација од страна на полицискиот службеник мора да биде професионална, законита и со почитување на достоинството на секој граѓанин. Впрочем, граѓаните преку плаќање на даноци и придонеси ги плаќаат полициските службеници и со право очекуваат дури и кога ќе направат кривично дело да им бидат почитувани човековите слободи и права. Полицијата не е таа која има законско право да обвинува и осудува, туку да открива и пријавува кривични дела и можни сторители на кривични дела.

## 2.1. Недовреба

Како и со довербата и доверливоста, недовербата има одредени карактеристики, кои ја определуваат нејзината природа. Следниве карактеристики на недоверба се: отсуство на доверба, односно недовербата не е само отсуство на доверба бидејќи е можно некому ниту да му верувате ниту да не му верувате; довербата и недовербата се ексклузивни, односно не може во исто време некому да му верувате и да не му верувате за истата работа; недовербата не е само „неверување“: „Би можел да изберам да не се потпирам на помошта на колешката затоа што знам дека е зафатена, а не затоа што не и верувам“. Кога би имал недоверба за некој кога без добра причина и тој дознае за тоа, тогаш, веројатно, тој би бил повреден или лут. Да се има недоверба е лошо, но додека мојот однос не е детерминиран од недовербата, тоа не мора да биде поголем проблем во меѓусебните

односи. Вообичаено, недовербата е еден вид на непотпирање, исто како што довербата е еден вид потпирање. Недовербата вклучува „акциски тенденции“ на избегнување или повлекување, кои ја прават некомпатибилна со потпирање - или барем целосно потпирање. Можеме да бидеме принудени да се потпреме на луѓе на кои не им веруваме, но дури и тогаш се трудиме да ги држиме на што е можно побезбедно растојание. Ставовите за довербата и недовербата се слични, на кого му веруваме/не веруваме може значително да зависи од социјалните стереотипи, позитивните или негативните. Ова прашање се однесува на рационалноста (поточно, нерационалноста ) на довербата и недовербата.

Социјалната, економската или политичката реалност има значително влијание врз стандардниот став што треба да го заземеме кон доверливоста на луѓето и институциите. Потребен ни е таков став затоа што не можеме секогаш да размислуваме внимателно за тоа во кого да веруваме. Нашата доверба или недоверба може да биде *prima facie* оправдана ако го имаме точниот стандарден став, иако повеќето автори претпоставуваат дека тоа би можело да биде целосно оправдано само со причини што се внатрешни за нас или од причинско-последичните процеси кои го создале ставот на прво место[12]. Која и да ја избереме епистемологија на довербата, таа треба да биде чувствителна на тензијата што постои помеѓу довербата некому и рационалното размислување за основата за таа доверба. Би било чудно, во најмала рака, ако она што го оправдува ставот, го уништи токму тој став. Во исто време, нашата епистемологија на доверба треба да се усогласи колку што е можно повеќе со здравиот разум, кој диктира дека треба да проверуваме наместо да имаме чиста верба во она што нè прави сериозно ранливи во однос на другите луѓе.

Во литературата има тврдења дека довербата е форма на „социјален капитал“, што значи приближно дека им овозможува на „луѓето да работат заедно за заеднички цели во групи и организации“[13]. Како резултат на тоа, општествата со „висока доверба“ имаат посилни економии и посилни социјални мрежи, генерално, од општествата со „ниска доверба“. Се разбира, овој факт за општествата со висока доверба би можел да биде вистинит само ако, во целина, довербата во нив е оправдана - односно ако доверителите имаат тенденција да не „престапуваат“ и да не ги уништуваат шансите за соработка во иднина.

[12] Bijlsma-Frankema, K., Sitkin, S. B., & Weibel, A. (2015). Distrust in the balance: The emergence and development of intergroup distrust in a court of law. Organization Science, 26(4), 1018-1039.
[13] Skyrms, B. (2008). Trust, risk, and the social contract. Synthese, 160(1), 21-25.

Затоа, и довербата и недовербата се вредни, особено, кога се оправдани. Вредноста на оправданата доверба мора да биде многу висока бидејќи без неа не можеме да имаме морално општество и не можеме да бидеме морално зрели, автономни, посветени во можноста за соработка со други. Оправданата недоверба е, исто така, суштинска, особено за припадниците на малцинските и ранливите групи. Спротивно на тоа, довербата или недовербата што е неоправдана може да биде сериозно проблематична. Неоправданата доверба, на пример, може да нè остави отворени за злоупотреба, терор и криминал.

## 2.2. Полициски легитимитет

Полицискиот легитимитет го одразува верувањето на граѓаните дека на полицијата треба да ѝ се дозволи да го користи својот авторитет за одржување на општествениот поредок, управување со конфликти, криминални настани и решавање на проблемите во нивните заедници. Легитимноста се рефлектира во три правци. Првиот е довербата на јавноста во полицијата. Вториот, легитимноста ја рефлектира подготвеноста на граѓаните да се придржуваат кон законот и полициските активности, односно нивното чувство на обврска и одговорност да ги прифатат полициските овластувања. Конечно, третиот правец, легитимноста вклучува верување дека полициските дејствија се морално оправдани и соодветни на околностите.

Во науката, но не универзално, се смета дека полицискиот легитимитет има два составни дела: поседување на моќ која произлегува од законски одредби, и прифаќање на нејзиниот авторитетот да го спроведува законот и да поставува барања спрема граѓаните во законски пропишани околности[14]. Полицијата има легитимитет во очите на граѓаните кога тие веруваат дека полицијата како институција соодветно ги извршува своите овластувања и кога ги почитуваат наредбите на полициските службеници и постапуваат по нивните одлуки и наредби затоа што ги доживуваат како морално оправдани.

Еден начин за операционализирање на првата компонента на легитимноста (признавањето дека полицијата има моќ) е институционалната доверба. Образложението е дека граѓаните кога оценуваат дека полициските одлуки и постапки се соодветни во конкретна ситуација и во согласност со законот, веруваат дека се

[14] Huq, A. Z., Jackson, J., & Trinkner, R. (2017). Legitimating practices: Revisiting the predicates of police legitimacy. British journal of criminology, 57(5).

донесени одлуки што се соодветни за конкретната ситуација. Луѓето прифаќаат дека на полицијата може да ѝ се верува да ги користи овластувањата на начини што ги допира нивните интереси и да навлегува во одредени слободи и права, бидејќи полицијата, најчесто, дејствува на начини кои се во согласност со нивните сопствени идеи за тоа што е правилно и што е погрешно. Ваквите ставови на граѓаните го одразуваат верувањето дека моќта на полицијата е нормативно оправдана затоа што се применува на начини кои се во согласност со нормативните очекувања во дадена политичка заедница.

Кога граѓаните ја признаваат легитимноста на полицијата, тие го прифаќаат нејзиниот авторитет. Повторувајќи го веберовскиот увид дека моќта се трансформира во авторитет кога ужива народен легитимитет, обврската да се послуша полицијата се претпоставува дека е втемелена во природното право да се прифаќа соодветно однесување. Кога луѓето веруваат дека институцијата има право да биде послушана, тие ги третираат наредбите како замена на сопственото расудување.

Кога полицијата поседува легитимитет тогаш принудните начини на контрола на криминалот добиват согласност, којашто ги мотивира граѓаните да се вклучат во остварување на посакуваните резултати во спречувањето на криминалот и другите девијантни однесувања. Поголем број криминолошки истражувања потврдуваат дека фер постапувањето на полицијата е клучна за легитимноста и само на тој начин контактите меѓу полицијата и граѓаните овозможуваат меѓусебна соработка[15]. Кога луѓето се третираат на фер начин, нивната подготвеност да соработуваат со полицијата се зголемува како резултат на зајакнатото чувство на исправност, без разлика дали тоа е операционализирано како институционална доверба или нормативно усогласување. Подеднакво, кога луѓето се третираат на процедурално фер начин, нивната определба да се придржуваат кон законот се зголемува преку зајакнато чувство на обврска да ја почитуваат полицијата.

Недостатокот на доверба во полицијата ја поткопува легитимноста на полициското работење, кое има потенцијал да го зголеми криминалот и другите нарушувања на јавниот ред и мир во заедницата и да доведе до непочитување на полициските наредби и постапки.

---

[15] Bradford, B., Jackson, J., & Milani, J. (2021). Police legitimacy. The Encyclopaedia of Research Methods in Criminology and Criminal Justice, 2, 642-650.

## 2.3. Причини за недоволна доверба во полицијата

Недостатокот на доверба во која било јавна институција го поткопува квалитетот на услугата што институцијата е обврзана да и ја испорача на јавноста. Ова најчесто се случува во полициското работење, имајќи предвид дека полицијата има задача да ги спроведува владините правила и прописи – колку и да се непопуларни. Кога членовите на јавноста се скептични за легитимноста на полицијата, тие се со помала веројатност да контактираат со полицијата за помош, помала е веројатноста да ја поддржат и да соработуваат со полицијата, па дури и може да станат непријателски или антагонистички настроени кон полицијата Накратко, тие имаат помала доверба во полицијата. Ова се покажа во неодамнешните настани ширум светот, како, на пример, непослушноста на граѓаните за време на пандемијата. Имајќи го предвид ова, генерално, се верува дека полицијата се стреми кон легитимност во нивното спроведување и администрација на законот за да се зајакне довербата на јавноста.

Една пречка за подобрување на довербата на јавноста во полицијата е незадоволството на граѓаните од власта во државата. Бидејќи полицијата е еден од најприсутните претставници на владата, довербата на граѓаните во владата, веројатно, влијае на нивната доверба во полицијата. Влијанието и на довербата во владата и на довербата во полицијата е владината корупција, која, генерално, се подразбира како „злоупотреба на јавната функција за приватни цели“ (или добивка). Широкиот опсег на работи во кои интервенира полицијата, заедно со честите контакти меѓу полицијата и граѓаните, ја прават полицијата непосредна и, вообичаено, осомничена за корупција. Сепак, мерките за корупција или довербата во владата често недостасуваат во истражувањето за довербата на јавноста во полицијата. Всушност, повеќето студии за довербата на јавноста во полицијата се концентрираат на индивидуално или на ниво на соседството. Меѓутоа, неколку неодамнешни студии го проширија својот фокус на ниво на земјата. Конкретно, наодите на Ли и колегите сугерираат дека постојат политички и културни разлики во факторите кои придонесуваат во различни земји[16], но тие не успеале да инкорпорираат други фактори кои може да бидат директно релевантни на индивидуалниот однос кон полицијата – имено, корупцијата и довербата на граѓаните во владата.

[16] Lee, W. S., & Guven, C. (2013). Engaging in corruption: The influence of cultural values and contagion effects at the microlevel. Journal of Economic Psychology, 39, 287-300.

## 3. Улогата на полициското раководство во градење на довербата

Улогата на полициските раководители во начинот на постапување на полициските службеници е мошне важна и сложена, бидејќи тие се одговорни за градење на систем кој вклучува доброволно прифаќање на задачите и нивно извршување со интегритет, морал и етика. За да го постигнат тоа раководителите мора посветено да работат на личниот развој за успешно да ги пренесат моралните вредности кај останатите полициски службеници, што е еден од основните услови за успешно извршување на полициските работи[17].

Врските помеѓу довербата на јавноста во полицијата и полициското раководство е многу важна, бидејќи факторите кои влијаат на јавната перцепција за полициските служби се многу поголеми отколку што можат да го контролираат полициските службениците кои работата на терен. Ефикасното раководење може позитивно да влијае на моралот на работната сила во секоја организација, вклучително и полициското работење. Иако е тешко да се дефинира, моралот влијае на продуктивноста и перформансите на работната сила, како и на однесувањето, во смисла на професионализмот. Во полициската служба, перформансите и професионализмот се основа за развојот и одржливоста на довербата на јавноста. Довербата во раководителот на една организација е најважна за нејзиниот успех. Ако службениците не веруваат во одлучувањето на нивните надредени, не може да се очекува да им веруваат во тешки ситуации, а тој недостаток на доверба може да доведе до проблеми во работата дури и до ризични и конфликтни ситуации[18].

Вработените сакаат да веруваат дека нивните идеи, ставови и мислења се слушаат и очекуваат да се чувствуваат корисни во донесувањето одлуки и за начинот на кој треба да ги извршуваат задачите. Раководителите треба да посветат соодветно време за градење односи со вработените преку лични интеракции, размена на мислења и слично за да се одржи кохезивноста на службата[19]. Прашањето за внатрешна доверба, исто така, влијае на способноста на лидерите ефективно да водат и да обезбедат морал и на тој начин професионализмот и продуктивноста да останат на високо ниво. Таа доверба не доаѓа затоа што лидерот има ранг или позициска моќ, таа треба да се заработи. Довербата во раководителот не се стекнува преку

---

[17] Никола Б. Дујовски, (2023), Раководење во полицијата, Факултет за безбедност-Скопје.

[18] Constantino J. (March 2011) How Do You Build Trust. Business Marketing Success.

[19] Harrison T. (May 2007) Change Morale Improve Productivity. InTech.

моќ, но може да се изгуби за една минута без континуитет на високото ниво на неговиот личен интегритет.

Голем број истражувања утврдиле дека полициските службеници не веруваат дека организацијата или нејзините високи раководители се интересираат за нивните грижи. Чувството на недостиг на поддршка придонесува за намалена меѓусебна доверба и помала посветеност кон задачитге на полицијата. За да ја засилат поддршката, полициските раководители треба да покажат грижа за благосостојбата на вработените, да побараат придонес од сите вработени во донесувањето на одлуките што ги засегаат и да се заложат за исполнување на барањата на вработените“[20].

Исто така, полициското раководство треба да ја гради довербата спрема граѓаните и заедницата, преку отворена, транспарентна комуникација со медиумите, средба со претставниците на локалната самоуправа, редовно да информира за различни прашања поврзани со полициското работење и јавната безбедност, за граѓаните да бидат уверени дека полицијата се грижи за нивната безбедност. Квалитетот на полициските извиди и превентивните активности се одговорност на сите вработени во полицијата, но раководителите треба да ги поттикнуваат и мотивираат другите. Тие преку својот пример треба да го градат професионалниот капацитет на вработените, а хиерархиската надреденост да ја користат за подобрување и ако е потребно и казнување на оние полициски службеници кои ги избегнуваат службените задачи или преземаат недозволени и противзаконски активности.

Важно е раководителите да бидат почитувани заради професионалноста, знаењето и коректниот однос, бидејќи се вели дека вработените не ја напуштаат организацијата, ги напуштаат своите претпоставени. Влијанието на раководителите оди подалеку од воспоставувањето ефективни меѓучовечки комуникации, така добрите раководители го истакнуваат успехот на нивниот персонал, и уште поважно, тие се грижат за своите вработени и се стремат да ги задоволат нивните потреби. [21]

---

[20] Maguire S, Dyke L. (June 2021) CACP Professionalism in Policing Research Project - Survey Results.
[21] Fiedler, M. L. (2011). Officer safety and wellness: An overview of the issues. Washington, DC: Office of Community Oriented Policing Services.

## 4. Заклучок

Довербата е прашање кое и во иднина ќе ја интересира научната, стручната и општата јавност, бидејќи таа претставува една од основите за кохезивно и функционално општество. Воедно, државата и нејзините институции ќе го изгубат легитимитетот ако граѓаните не веруваат во нивните знаења и професионалност. Полицијата како најистурена институција секојдневно е во контакт со граѓаните, постапувајќи по нивните барања или преземајќи мерки и активности за безбеден живот, како и непречено одвивање на општествените процеси. Затоа, довербата на граѓаните во полицијата е од големо значење за успешно и ефикасно извршување на полициските работи. Во градењето на довербата со јавноста но и внатре во институцијата, полициските раководители имаат значајна улога  и одговорност, со својот личен пример да ги насочат полициските службеници своите задачи да ги извршуваат на професионален и процедурално правичен начин.

## Литература:


1. Adam B. Seligman, (1997), „The problem of trust“, Princeton Univeristy Press.
2. Bijlsma-Frankema, K., Sitkin, S. B., & Weibel, A. (2015). Distrust in the balance: The emergence and development of intergroup distrust in a court of law. Organization Science, 26(4), 1018-1039.
3. Bradford, B., Jackson, J., & Milani, J. (2021). Police legitimacy. The Encyclopaedia of Research Methods in Criminology and Criminal Justice, 2, 642-650.
4. Цане Т. Мојаноски, Никола Дујовски, Марјан Ѓуровски, (2018), Полицијата и јавноста, (Анализа на истражувачки резултати 2009 - 2017 година), Факултет за безбедност-Скопје
   Constantino J. (March 2011) How Do You Build Trust. Business Marketing Success
5. Дујовски, Б. Никола, (2023), Раководење во полицијата, Факултет за безбедност – Скопје.
6. Deutsch, M. (1973). The resolution of conflict: Constructive and destructive processes. Yale University Press.
7. Edward Elgar (2003), The Trust Process in Organizations, Empirical Studies of the Determinations and the Process of Trust Development, Edward Elgar Publishing Inc, USA.

8. Freitag, M., & Traunmüller, R. (2009). Spheres of trust: An empirical analysis of the foundations of particularised and generalised trust. European journal of political research, 48(6), 782-803.
9. Fiedler, M. L. (2011). Officer safety and wellness: An overview of the issues. Washington, DC: Office of Community Oriented Policing Services.
10. Giddens, A. (1986). The constitution of society: Outline of the theory of structuration (Vol. 349). Univ of California Press.
11. Gray, B. E. (2011). Ensuring the Public Trust. UCDL Rev., 45, 973.
12. Hardin, R. (2002). Trust and trustworthiness. Russell Sage Foundation.
13. Hawley, Katherine, 2014, „Trust, Distrust and Commitment“, Noûs, 48(1): 1–20. D’Cruz, Jason, (2019), “Humble Trust”, Philosophical Studies, 176(4): 933–953.
14. Harrison, T. (May 2007) Change Morale Improve Productivity. InTech.
15. Jackson, Jonathan and Bradford, Ben (2010) What is trust and confidence in the police? Policing: a journal of policy and practice, 4 (3). pp. 241-248.
16. John Shuford (2023), Mid-21st Century Criminal Justice: Transforming Work Culture, Kendall Hunt Publishing Company.
17. Luhmann, N. (2000). Familiarity, confidence, trust: Problems and alternatives. Trust: Making and breaking cooperative relations, 6(1).
18. Möllering, G. (2001). The nature of trust: From Georg Simmel to a theory of expectation, interpretation and suspension. Sociology, 35(2), 403-420.
19. Maguire, S., Dyke, L. (June 2021) CACP Professionalism in Policing Research Project - Survey Results.
20. Officer Safety and Wellness: Practices in Modern Policing, (2018) Alexandria, VA: International Association of Chiefs of Police.
21. Skyrms, B. (2008). Trust, risk, and the social contract. Synthese, 160(1), 21-25.
22. Putnam, R. (2001). Social capital: Measurement and consequences. Canadian journal of policy research, 2(1), 41-51.

UDK 351.74:[341.231.14:005.322.5

# ПОЛИЦИСКО РАБОТЕЊЕ ВО ДЕМОКРАТИЈА

**вонреден проф. д-р Богданчо Гогов**

Факултет за безбедност, Скопје

*bogdanco.gogov@uklo.edu.mk*

**вонреден проф. д-р Јонче Ивановски**

Факултет за безбедност, Скопје

*jonce.ivanovski@uklo.edu.mk*

**Апстракт**

Текстот презентира рамка од неколку фактори кои овозможуваат практикување на демократски процедури во полициското работење, со цел полицијата да ги исполни очекувањата од јавноста и да се стекне со легитимитет. Легитимноста зависи од довербата на јавноста дека државната моќ ќе се користи во согласност со потребите во едно демократско општество. Затоа јавната доверба исполнува важна легитимизирачка функција од која зависи подготвеноста на граѓаните да соработуваат со полицијата во разрешувањето на безбедносните прашања. Нивоата на доверба во полицијата се водени од способноста на полицијата да постапува во согласност со демократските стандарди за законитост, објективност, емпатија, одговорност, знаење, ефикасност и ефективност. Функционирањето на полицијата врз овие основи учествува во создавањето побезбедно општество, а од стратегиски аспект обезбедува реформа и развој на полицијата во насока на доследна заштита на човековите права.

**Клучни зборови** : полициско работење; човекови права; демократски стандарди и практика за полициска работа.

## 1. Вовед

Не постои широко прифатена дефиниција за полициско работење во демократско општество и држава. Менинг забележува дека Полицијата е институција која ги штити општествените добра кои го овозможуваат животот на секој поединец. „Како таква, во основата на полициско работење мора да биде очекувањето дека полицијата го подобрува квалитетот на животот и можностите за секој поединец, а

особено за загрозените и ранливи категории на граѓани"[22]. Ова, може да се постигне преку фер процедурална постапка и контрола и законско ограничување на полициските репресивни овластувања, потоа недискриминациска примена на сила и закана и внатрешна организациска правичност меѓу вработените во полицијата без оглед на местото на хиерархиската поставеност како и неселективна одговорност.

Во литературата со одредена доза на симплифицирање се тврди дека антитезата на полициско работење во демократија е полициската работа во авторитарни или тоталитарни политички системи (т.н. режими). Во такви ситуации полицијата ги штити владите и моќните, наместо граѓаните, одговорна е само пред лидерите на режимот, ги контролира наместо да ги штити граѓаните, ја привилегира доминантната група и е затворена во однос на заедниците на чија територија работи.[23]

## 2. Посакувани вредности на полициското работење во современите демократии

Држава која се определила да гради демократски вредности, политики и практика на полициско работење треба да биде легална и легитимна. Легитимноста зависи од довербата на јавноста, а полицијата ќе биде легитимна кога во својата работа ќе се води од објективност, емпатија и одговорност. Од овие фактори произлегуваат следните влезни променливи фактори: знаењето за тоа што функционира во создавањето на побезбедно општество од полициска перспектива; полициското работење засновано на владеење на правото; транспарентноста; ефикасноста и ефективноста во искористувањето на ресурсите. Се работи за следните неопходни фактори за полициска работа во демократија:

### 2.1. Објективност

Објективноста, непристрасноста, разумноста и рационалноста се тесно поврзани со концепти за спроведување на законот. Од полицискиот службеник се очекува да биде објективен и да ги третира

[22] Manning P.K. (2010), Democratic policing in a changing world Boulder, CO: Paradigm Publishers.
[23] Stenning P. (2009) Governing policing in a democracy, Paper presented at Scottish Institute for Policing Research Seminar .

луѓето непристрасно, да донесува одлуки или да донесува заклучоци кои се разумни и рационални. Овие вредности се потребни затоа што, во основа, луѓето во демократските земји очекуваат еднаков третман и да не бидат обесправени од лични и субјективни перцепции на полициските службеници[24]. Законската рамка обезбедува соодветни процедури и насоки за полициските службеници да се однесуваат на објективен, непристрасен, и рационален начин, но, исто така, законот дозволува дискреција во одлучувањето при извршувањето на реалните животни проблеми и предизвици. Важно е како полицијата ги користи овие дискрециони овластувања, бидејќи ако се злоупотреби (т.е. пристрасна употреба) има тешки последици и за јавноста и за полицијата. „Јавните перцепции за пристрасност или нефер третман од страна на полицијата имаат непосредни негативни последици за полицијата во однос на довербата и на крајот на легитимноста, додека фер третман со почитување  кон граѓаните гради доверба и соработка со полицијата.[25]

Затоа, објективноста во полициското работење бара полицијата да биде способна да се однесува без негативно влијание на лични чувства или предрасуди, или фаворизирање на поединци или групи. Во основа, задача на полицијата е да го заштити демократскиот политички живот, а не да го искривува преку недостаток на објективност.

Полициската дискреција постои поради две главни причини, имено, од приоритетите за спроведување на одредени задачи и од одлуката кон кој криминал ќе се насочи откривање и пријавување, односно на конкретни кривични дела кои со различен интензитет ја загрозуваат безбедноста на граѓаните и државата. Во зависност од контекстот и ситуацијата со криминалот, како и политичкиот притисок, приоритет најчесто се дава на криминалот со дрога, трговија со луѓе, тероризмот и слично. Според Сколник, полициските службеници ги сметаат нивните работни места како работа со „континуиран потенцијал на насилство“, па затоа развиваат сопствен систем  за брзо класифицирање на  луѓето и начин на комуникација со нив[26]. Ове е една од причините за создавање на професионални супкултури и жаргони, кои се забележани и во други професии, и во други јавни институции.[27] Меѓутоа, во полицискиот контекст, каде овластувањето е важно и може да се користи од лишување од слобода до користење на смртоносна

---

[24] Muntingh L, Redpath J, Faull A & Petersen K, (2017), "Review of the literature on democratic policing", Report prepared for the Civilian Secretariat for Police Services.

[25] Sunshine J & Tyler T, (2003), "The role of procedural justice and legitimacy in shaping public support for policing"37(3) Law & Society Revie 37(3).

[26] Skolnick JH, (2005), „A sketch of the policeman's working personality“ in Newburn T (ed) Policing: key readings Cullompton: Willan Publishing.

[27] Lipsky M.,(2010), Street-level bureaucracy: dilemmas of the individual in public services New York : Russell Sage.

сила, нивната злоупотреба може да има тешки последици за оние кои се перципирани како потенцијални осомничени.

## 2.2. Одговорност

Застапници на традиционалното полициско работење, а во литературата презентирано како „професионалното полициско работење" ги нагласуваат резултатите, како што се времето на одговор, апсењата и пријавениот криминал, како доказ за полициските резултати. Сепак, полициското работење е многу повеќе отколку што овде се сугерира. Полициската одговорност е витална компонента на полициско работење во демократија. Литературата укажува на вредноста на одговорноста: полицијата мора да одговори на барањата на јавноста кои се однесуваат на безбедносни прашања. Најважно, одговорот јасно треба да објасни зошто одредено барање се прифаќа или се одбива без разлика кој е барателот.

Одговорната полициска институција вклучува реакции на поплаки и повратни информации до граѓаните. Ова значи одговорност и прифаќање дека полицијата мора да се однесува соодветно и на „уникатните културни, идеолошки и правни карактеристики на сопствената земја".[28] Во суштина, полицијата треба да одговара на потребите на јавноста, особено на жртвите на криминал и ранливите групи и да покажува полициски практики насочени кон потребите на заедницата.

Полицијата има исклучителни овластувања, вклучително и овластување да навлегува во основните човекови права. Тие го вклучуваат правото на слобода (преку лишување од слобода), правото на безбедност и сигурност (преку употреба на сила) и правото на живот (право да користат смртоносна сила). Овие вонредни овластувања мора да подлежат на строги механизми за одговорност кои се ефективни и транспарентни.

Антитезата на одговорноста е неказнивоста, која се дефинира како неможност, *de jure* или *de facto*, да се изведат на одговорност сторителите на прекршувањата на човековите права - без разлика дали во кривична, граѓанска, административна или дисциплинска постапка - бидејќи тие не се предмет на никакви истраги што може да доведе до нивно обвинение и судење. Според тоа, горенаведената дефиниција за неказнивост се фокусира на отсуството на ефективни механизми за

[28] Aitchison A & Blaustein J, (2013)„"Policing for democracy or democratically responsive policing? Examining the limits of externally driven police reform" 10(4) European Journal of Criminology.

индивидуална одговорност, а не толку на неуспехот на пошироките механизми насочени кон обезбедување институционална отчетност.

Полициските службеници можат да бидат повикани на индивидуална одговорност преку механизми за внатрешен и надворешен надзор на полицијата. Оштетените поединци (внатрешни или надворешни на полицијата) треба да можат да поднесуваат жалби против полициски службеници, што треба да резултира со истраги и/или истраги од внатрешни и/или надворешни органи овластени и опремени со ресурси за тоа. Надворешните механизми за индивидуална одговорност треба да бидат способни да формулираат препораки за внатрешни дисциплински мерки или за кривично гонење и да постапуваат по нив.

Институциите кои, вообичаено, вршат институционален надзор над полицијата, првенствено, се наоѓаат на домашно ниво, но се однесуваат и на меѓународните механизми. На домашен план, извршната, законодавната и судската власт играат улога во барањето одговорност на полицијата. Нивната надзорна улога е, првенствено, проактивна и се протега на надзор на буџетот и расходите на полицијата, процесите на назначување и отповикување на високи функционери и избор на полициски политики. Судството вообичаено игра реактивна институционална надзорна улога, вклучително и одлучување за финансиската одговорност на полицијата и неправилностите извршени од нејзините членови. На меѓународен план, државата е должна да ги известува и да биде контролирана од меѓународните тела формирани за следење на меѓународните правни акти кои државата ги ратификувала. Во овој контекс Судот за човекови права во Стразбур има големо значење, за заштита на граѓаните од неправди нанесени од државните институции.

Исто така, важно е и граѓанското општество (вклучувајќи ги и медиумите) да биде способно да придонесе за да се бара одговорност од полицијата, и на индивидуално и на институционално ниво. Сите платформи наведени погоре треба да овозможат формални и неформални ангажмани со граѓанското општество.

## 2.3. Емпатија

Емпатијата најчесто се дефинира како способност да се разбере ситуацијата на друг. Меѓутоа, според Масаро, „со овој збор се пренесуваат три други значења: чувство на емоција спрема друг; разбирање на искуството или ситуацијата на друг, афективно и

когнитивно, замислување себеси дека е во позиција на другиот; и акција предизвикана од доживување на неволја на друг“.[29]

Емпатијата е дел од ефективната комуникација, па полициските службеници кога имаат интеракција со граѓаните треба да ги третираат со почит, да покажат дека можат да донесуваат неутрални одлуки врз основа на доследно применети правни правила и принципи и факти за случајот, а не врз лични мислења и предрасуди. Од полицијата се очекува да покаже емпатични квалитети и вештини особено кога се справува со оштетени и жртви на криминалот. Во многу случаи, полицијата ќе биде прва на местото на злосторството, несреќата или природната непогода, и затоа мора да биде способна во таквите ситуации да го почитува достоинството на засегнатите, и да покаже дека е свесна за влијанието на настанот врз инволвираните. Доколку полицијата покаже дека е добронамерна и искрено се обидува да го направи она што е најдобро за луѓето, ги слуша аргументите на луѓето и рационално пристапува кон нивните постапки, граѓаните ќе го почитуваат таквиот однос на полицијата. Оттука, квалитетот на интеракцијата помеѓу полицијата и граѓаните е од витално значење, бидејќи кога граѓаните се почитувани постои поголема веројатност да прифатат и неповолни исходи за нив (на пр. да добијат прекршочна пријава) ако веруваат дека процедурите што ги користи полицијата се правични.

Исто така, од суштинско значење за жртвите на насилство е да добијат соодветна грижа и поддршка веднаш по настанот. Едно британско истражување покажа дека полициската емпатија е во позитивна корелација со оцените на жртвите дека нивниот случај ќе има законска и фер завршница. Едноставните дејства како што се слушањето и комуникацијата со граѓаните, можат да помогнат да се трансформираат стресните ситуации во можности за градење доверба. „Кога полицијата сочувствува со граѓаните се подобруваат односите меѓу заедницата и полицијата и се зголемува легитимноста на полицијата“[30].

## 2.4. Законитост

Полициската служба која ги почитува законските норми, ги промовира и штити човековите права на сите луѓе, особено на осомничените, оштетените и жртвите, е од централно значење за

[29] Massaro, T. M. (1988). Empathy, legal storytelling, and the rule of law: New words, old wounds. Mich. L. Rev., 87.

[30] Maddox L, Lee D & Barker C, (2011), „Police empathy and victim PTSD as potential factors in rape case attrition“ 26(2) Journal of Police and Criminal Psychology 112.

полициското работење во едно демократско општество. Меѓународното право во бројни конвеции и други правни документи, кои се имплементирани во нашето законодавство, поддржува бројни основни права кои полицијата мора да ги применува и штити во својата работа. Основните  стандарди и практиката за човекови права наменети за работата на полицијата се следните:

- Полициски извиди*:* Полицијата ќе ги спроведе своите извиди почитувајќи ги правото на безбедност, правото на правично судење, правото на презумпција на невиност, правото на приватност, забраната за тортура и друго малтретирање и правото на граѓанита да не да бидат под притисок да дадат информации.
- Лишување од слобода*:* Полицијата спроведува лишување од слобода и задржување во полициска станица во границите на следните основни права: правото на слобода и безбедност, забраната за произволно лишување од слобода, како и правото да се информира за причините за истото, односно навремено да се информира за сомневањата против него, право на навремено појавување пред судски орган за проверка на законитоста на лишувањето од слобода, право на пристап до законски застапник, контакт со семејството и здравствен работник;
- Употреба на сила и огнено оружје*:* Употребата на сила и огнено оружје од страна на полицијата е особено спорно прашање во демократиите и е прашање кое често доведува до перцепција на граѓаните дека тоа се злоупотребува. Почитувањето на човековите права бара силата да се користи со воздржаност, само кога е строго неопходно и пропорционално и во согласност со законските цели и службениците да бидат обучени за користење на ненасилни средства и средства за диференцирана употреба на сила. Огненото оружје треба да се користи само во екстремни околности, кога постои непосредна закана за смрт или сериозна повреда на полицискиот службеник или некој друг (или сериозно кривично дело што доведува до таква непосредна закана или е на пат да се изврши).

Затоа, една полициска организација во демократска држава мора да го обучи својот персонал за човекови права, треба да всади култура на човекови права во институцијата и треба да бара одговорност од своите членови за прекршување на човековите права. Етичкиот кодекс на однесување, поврзан со јасни стандарди на однесување, но и со

изградени системи за следење и одговорност кои откриваат и попречуваат отстапување од кодексот, може значително да ја обликуваат полициската практика.

Клучни компоненти на полицијата која ги поддржува и штити човековите права во практика се воздржаност во покажувањето сила или моќ, особено во однос на спроведувањето на полициските извиди и при контролата на јавните протести. Полицијата, особено, треба да биде воздржана во употребата на сила, да избегнува употреба на огнено оружје, да не се потпира на признанија и да избегнува претреси без налог. Понатаму, треба да води сеопфатна писмена евиденција за сите полициски активности кои вклучуваат какво било ограничување на правата. Ова, особено, се однесува на употреба на сила и огнено оружје, приведување и задржување, како и секое мешање во приватната комуникација на поединци. Исто така, важно е да се развиваат интерперсонални комуникациски и други вештини кои ќе помогнат во деескалација на ситуацијата која може да доведе до полициски интервенции кои би влијаеле на правата на оние кои комуницираат со полицијата.

Полициската работа е стресна и бара соодветна физичка и ментална поддршка. Демократските држави го поддржуваат тоа и ги охрабруваат полициските службеници да користат услуги за медицинска и психолошка поддршка, особено оние кои биле вклучени во контрола на насилни јавни протести или користеле огнено оружје.

Фундаментални елементи за да се обезбеди полициска работа, која е во согласност со човековите права, се обуката и одговорноста. Полицијата треба да поседува теоретско знаење и практични вештини кои ќе им овозможат да ги извршуваат своите полициски должности во согласност со стандардите за човекови права.

## 2.5. Знаење

Професионализмот бара стручно знаење во секоја одредена област. Професиите се вклучени во раѓање, преживување, физичко и емоционално здравје, решавање спорови и одржување на социјалниот поредок заснован на закони, информации за финансии и кредити, образовни достигнувања, социјализација, градежништво и изградба на животната средина, воен ангажман, мир и безбедност, забава и слободно време, религија и друго. Накратко, се потпираме на професионално знаење за да ни помогне да управуваме со широк опсег на ризици. Како такви, мора да се запрашаме: какви ризици и довеуваме на полицијата да решава и дали таа го има потребното знаење за тоа? Дали полицијата е професионална и обучена за употреба

на принуда? Дали знае кога и како да ја користи принудата за таквите дејствија да останат во границите на законот и стандардите за човекови права?

Професионализмот бара од полициските службеници да бидат достојни за доверба и да ја одржуваат доверливоста со користење на знаењето во интерес на граѓаните. „За возврат за знаење, етика и доверба, професионалците се наградени со авторитет, почитување и повисок општествен статус“.[31] Да се биде професионалец е повеќе од компетентен за својата работа, бидејќи професионалноста, на пример, бара одговорност, грижа за граѓаните, комуникација со колегите на професионален начин, самокритичен е и слуша што другите кажуваат.

На пример, Независната полициска комисија за Англија и Велс истакнува неколку различни значења на идејата за професионализам: Високи очекувања: професионалната полиција е организација која се придржува на пропишаните стандарди на однесување, што значи дека не се толерираат слаби работни перформанси, неуреден изглед, груби манири и недостаток на етика; Саморегулирање: обезбедување на институционална автономија и слобода од политичко мешање; Експертиза: професионалното полициско работење, во оваа смисла, значи работење кое е базирано на знаење/докази, наместо прашање на здрав разум, интуиција или вроден талент.

Преку поимите на компетентност, одговорноста и знаењето се преточени во етичкиот кодекс на однесување што служи за конструирање на професионалниот практичар. Така, важна карактеристика на професионалната компетентност е силно изградена социјализација, самоконтрола и самодисциплина, а не на технологии на доминација. Овој пристап бара оддалечување од бирократските контроли кон помеки и пофлексибилни контроли. На тој начин поимот „професионализам“му овозможува на раководителот да ги насочи вработените кон позиција на поголемо потпирање на саморегулација во однос на бирократската контрола. Вработените се гледаат како „овластени службеници во новоограничениот простор (дефиниран со професионализам) за да ја остварат својата новопронајдена работна автономија“[32].

Професионализмот е привлечен за раководителите бидејќи служи за автономијата преку разграничување на компетентноста на професионалниот вработен преку процес на всадување на професионални норми и работна етика кои, истовремено, придонесуваат за продуктивноста на вработените.

---

[31] Evetts J „The sociological analysis of professionalism“ (2003) 18(2) International Sociology 397.
[32] Fournier V (1999),„The appeal of 'professionalism' as a disciplinary mechanism“ 47(2) Sociological Review .

## 2.6. Ефективност и ефикасност

Ефективноста е степенот до кој некое човечко дејствување го дава посакуваниот резултат. Работата може да биде ефективна, но не ефикасна или исплатлива. Процената на ефикасноста произлегува од резултатите од работата во однос на нејзините трошоци. Меѓутоа, во повеќето случаи, не е можна точна финансиска квантификација на аутпутите и исходите. Процената на ефективноста на трошоците утврдува и дали придобивки можеле да се постигнат по пониски трошоци. „Недостатоците во економичноста се јавуваат кога работата не е извршена со најсоодветната и најевтината алтернатива или кажано на друг начин, посакуваните резултати се постигнати со поголемо трошење на човечките и материјалните ресурси“.[33]

Перцепциите за полициската ефикасност се важни бидејќи од нив зависи легитимитетот не само на полицијата туку и на другите државни институциии. Дополнително, „онаму каде што луѓето веруваат дека полицијата ги третира праведно, според одредени истражувања, покажуваат поголема веројатност да се идентификуваат со авторитетот што го претставува полицијата (а со тоа и државата), да соработуваат со полицијата и да го почитуваат законот и кога полицијата е отсутна од одреден простор или место“.[34] Затоа, фер процедурата е централна за полициската ефикасност.

Криминологијата преку бројни истражувања утврдува дека криминалот е производ на огромен број фактори и затоа не може да се користи полициската ефикасност како единсвен индикатор при процената на состојбите со криминалот во конкретна замја или регион. Иако постојат научни докази дека некои полициски интервенции, насочени кон одделни видови криминал, области и престапници може да ги намалат конкретните кривични дела, но се оспорува идејата дека полицијата самостојно и на постојана основа може да го намалува општиот криминал. Она што е јасно, сепак, е дека неефективното полициско работење, веројатно, нема да ги подобри состојбите со криминалот, воопшто, туку може да го влоши; „во земјите во кои полицијата е насилна, корумпирана или неефикасна, јавната несигурност и општото ниво на насилство често се влошуваат, а тоа е, особено, случај во контекст на земјите во развој.[35]

[33] World Bank ,(2009), „Sourcebook for Evaluating Global and Regional Partnership and Programs: Indicative Principles and Standards“.
[34] Tyler TR, Enhancing police legitimacy (2004) Annals of the American Academy of Political and Social Science.
[35] Andvig JC & Fjeldstad OH, (2008), Crime, Poverty and Police Corruption in Developing Countries , Chr Michelsen Institute (CMI) Working Paper.

Ефективното полициско работење значи различни работи за различни општествени групи. За богатите тоа може да значи одржување на статус кво, додека за сиромашните и криминализираните може да значи грижа. Во една демократија, „ефективно полициско работење се препознава кога луѓето се чувствуваат безбедно и кога ја припишуваат личната безбедност на работата на полицијата“.[36]

При мерењето на демократијата, свое место има односот помеѓу демократизацијата (на земјата) и полициската ефективност: многу земји од напредните демократии постигнуваат највисоки нивоа на полициска ефикасност, додека земјите со демократија од среден опсег покажаа пониски рејтинзи на полициските перформанси. Важно е да се забележи дека оваа анализа покажала дека Јужна Африка не одговара на општата шема - во суштина таа има меѓу највисоките оценки за демократијата, но меѓу најниските оценки за ефикасноста на полицијата. Иако на пример, Боливија, заедно со Јужна Африка, „направија многу брза транзиција од автократија во целосна демократија во текот на 90-тите години на XX век“, тие не успеаја да ги обноват своите полициски сили на нивото на другите политички достигнувања.[37]

Добрите макроекономски перформанси на една земја, што покажало ова истражување, мерени со показатели, како што се високиот БДП по глава на жител и ниската стапка на невработеност, биле поврзани со повисоките нивоа на полициска ефективност, при што БДП бил поважен од невработеноста. Согледуваната полициска ефективност не се разликувала значително во земјите со различна големина на населението. Може да се заклучи дека постои зависноста меѓу постигнувањето на полициската ефикасност со доброто судско работење и развиената економија.

## 3. Заклучок

Концептуалната рамка претставена во овој текст (не е целосна затоа што врз полициската работа во демократијата влијаат и други фактори), е наменета не само да опише какво треба да биде полициското работење во демократија, туку и да го истакне значењето на планирањето во полициските организации. Ова особено се однесува на годишните планови и среднорочните стратешки цели за работа на полициските служби со посебен осврт на резултатите што тие треба да ги испорачаат. Показателите за успешност треба да бидат избрани на

[36] Sung H, (2006), Structural determinants of police effectiveness in market democracies, 9(1) Police Quarterly 13.
[37] Newham G, „Strengthening democratic policing in South Africa through internal systems for officer control“ (2005) 36(2) South African Review of Sociology 160.

таков начин што ќе ги поттикнат трите минимални барања на демократското полициско работење: почитување на владеењето на правото; полицијата да биде одговорна и објективна; и да се постапува на процедурално правичен начин. При мерењето на полициските перформанси, неопходно е да се мери она што е важно, а, поконкретно, да се измери она што е важно за јавноста. Бројот на пријавени кривични дела на годишно ниво може да привлекува значајно медиумско внимание, но како алатка за управување и евалуација на полицијата има ограничена вредност. Она што е важно за јавноста е дали може да и верува на полицијата или не. Накратко, ако во планирањето на работата и стратегијата за среден и долг рок не се постави како цел да се постигне полициско работење врз основа на демократските стандарди и принципи, тоа, едноставно, нема да се постигне.

## Литература:


1. Manning, P.K. (2010), Democratic policing in a changing world Boulder, CO: Paradigm Publishers .
2. Stenning. P. (2009) Governing policing in a democracy, Paper presented at Scottish Institute for Policing Research Seminar.
3. Prasad, D. (2006), Strengthening democratic policing in the Commonwealth Pacific, Commonwealth Human Rights Initiative.
4. Muntingh, L., Redpath, J., Faull, A. & Petersen, K. (2017) „Review of the literature on democratic policing“ Report prepared for the Civilian Secretariat for Police Services.
5. Sunshine, J. & Tyler, T. (2003) „The role of procedural justice and legitimacy in shaping public support for policing“" 37(3) Law & Society Revie.
6. Skolnick, JH. (2005) „A sketch of the policeman's working personality“ in Newburn T (ed) Policing: key readings Cullompton: Willan Publishing.
7. Lipsky, M. (2010), Street-level bureaucracy: dilemmas of the individual in public services New York : Russell Sage.
8. Aitchison, A. & Blaustein, J. (2013) „Policing for democracy or democratically responsive policing? Examining the limits of externally driven police reform“ 10(4) European Journal of Criminology.
9. Massaro, T. M. (1988). Empathy, legal storytelling, and the rule of law: New words, old wounds. Mich. L. Rev., 87, 2099.
10. Maddox, L., Lee, . & Barker, C. (2011) „Police empathy and victim PTSD as potential factors in rape case attrition“ 26(2) Journal of Police and Criminal Psychology 112.
11. Evetts, J. (2003) „The sociological analysis of professionalism“ 18(2) International Sociology.

12. Fournier, V. (1999) „The appeal of 'professionalism' as a disciplinary mechanism“ 47(2) Sociological Review.
13. Tyler, TR. (2004) Enhancing police legitimacy, Annals of the American Academy of Political and Social Science.
14. Andvig, JC. & Fjeldstad, (2008), OH, Crime, Poverty and Police Corruption in Developing Countries Chr Michelsen Institute (CMI) Working Paper.
15. Sung, H. (2006b) Structural determinants of police effectiveness in market democracies, Police Quarterly 13.
16. Newham, G.(2005) „Strengthening democratic policing in South Africa through internal systems for officer control“ 36(2) South African Review of Sociology.

**UDK 636.7:[179.3:343.58(497.7)**
**UDK 636.7:[364.2:61(497.7)**

# ЗАГРОЗЕНА БЕЗБЕДНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ ОД КУЧИЊАТА СКИТНИЦИ И ДОМАШНИ МИЛЕНИЦИ

**м-р Младен Трајков**,
МВР, Центар за обука, пензиониран виш полициски советник - обучувач,
*mladen.trajkov@gmail.com*

**Апстракт**

Содржините на трудот нудат јасна слика за состојбите со бездомните кучиња како во државата така и посебно во градот Скопје, каде што нивниот број секојдневно расте. Токму поради што појасно претставување, трудот е поделен на повеќе делови и тоа: вовед, каде што е претставена актуелноста на проблемот, во *Првиот дел* се дадени општи карактеристики за кучињата скитници, во *Вториот дел* е претставена загрозеноста на безбедноста на граѓаните, каде што се претставени 5 табели и 7 примери за полесно разбирање на проблемот, во *Третиот дел* се опфатени правните и превентивни аспекти за појавата, во *Четвртиот дел* се дадени заклучните согледувања и на крајот е дадена користената литература.

**Клучни зборови:** безбедност, граѓани, бездомни кучиња, каснувања, казнување.

**Abstract**

The contents of the paper offer a clear picture of the situation with homeless dogs both in the country and especially in the City of Skopje, where their number is growing daily. Precisely for the sake of a clearer presentation, the paper is divided into several parts, namely: introduction, where the actuality of the problem is presented, in the first part, general characteristics of stray dogs are given, in the second part, there is a threat to the safety of citizens, where 5 tables and 7 examples for easier understanding of the problem, in the third part are Legal and preventive aspects of the occurrence, in the fourth part are the concluding observations and at the end is the used literature.

**Keywords**: safety, citizens, stray dogs, bites, punishment

## Вовед

Трендот на експанзијата на напуштени улични кучиња (***бездомни кучиња - се нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку ги затекнат надлежните субјекти на јавни површини без присуство на сопственикот и истите привремено се сместуваат во соодветен објект – прифатилиште,*** (според Законот за заштита и благосостојба на животните „Службен весник на Република Македонија“, бр. 149/2014, член 28) во Македонија, а, секако, и во поблиското соседство, од ден на ден оваа појава оди во една стрмоглава нагорна линија која како пропорција само се зголемува и помножува. Ваквиот тренд, предизвикува одредени, пред сѐ, безбедносни импликации за граѓаните и нивното здравје и живот, а потоа и за останатиот животински свет којшто уличните кучиња може да го третираат како храна за себе. Граѓанинот е тој којшто од моменталната состојба најмногу ги трпи последиците но, истовремено, тој е најодговорен за влошувањето на состојбите со уличните кучиња. Загрозеноста е изразена преку секојдневни објавувања на *нападнати граѓани и каснувања од кучиња* (Закон за заштита и благосостојба на животните, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 149/2014, член 32) од опасни кучиња скитници (***опасни кучиња се***: ***кучиња кои без причина нападнале човек и му нанеле телесни повреди или смрт; кои се затекнати во организирани борби на животни; од одредени раси и нивни мелези кои заради нивните расни карактеристики може да претставуваат опасност за луѓето и животните; кои на тестот на социјализација се прогласени за опасни кучиња*** според Законот за заштита и благосостојба на животните, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 149/2014, член 30). Најголем број од нападите и каснувањата од кучиња се над велосипедисти но и пешаци, при што им се нанесуваат телесни повреди, тешки телесни повреди, осакатувања па дури и губење на животи на граѓаните. Елементот на одговорност за состојбата од страна на граѓаните е никаков, бидејќи имателите на домашни миленичиња- кучиња, не можејќи да се справат со породот, со својот миленик  или друго, најчесто ги оставаат на подалечни места и тие стануваат бездомни кучиња скитници кои многу брзо се групираат во глутници. Причина за ова е непримената на мерката чипирање (ставање чип на секој домашен миленик или ловечко куче) за чија непримена е одговорна локалната самоуправа. Истовремено, локалната самоуправа е надлежна и за грижата за уличните кучиња скитници но, исто така, одговорна е и за штетите кои тие ги нанесуваат над граѓаните (според Законот за комунални

дејности, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 95/12, член 5 став 1 точка 15). Ако локалната самоуправа е формирана да им го олесни животот на граѓаните тогаш дали таа го прави тоа за што е формирана кога имаме вакви состојби. Преку трудот претставуваме, поточно споделуваме едно размислување за надминување на ваквата алармантна состојба со кучињата скитници и нивното животно-загрозувачко и здравствено-загрозувачко однесувања врз граѓаните на целата територија на државата а посебно во градот Скопје. За постигнување на оваа цел, користени се следниве општи научни методи: статистичкиот метод, компаративниот метод, дескриптивниот метод, каузалниот метод и методот на анализа на содржината на документите (content analysis).

## 1. Општо за кучињата скитници

Феноменот на појавата на кучиња скитници (бездомни кучиња) ниту е нов ниту е од вчера, сепак, забележително е дека во последниве две децении, откако нашите граѓани започнаа да се чувствуваат како Европејци а нивните навики ги оставија во периодот на крајот од XIX и XX век, настана експанзијата на овој феномен и рапидно зголемување на бројот на кучињата скитници по улиците на нашите градови и села. Погоре ги споменавме проблемите кои се од повеќе видови:

- Неодговорни сопственици;
- Неодговорна локална самоуправа;
- Слаба или многу неефикасна активност на институциите кои се специјално формирани за оваа намена;
- Неодговорни граѓани (и деца) кои ги задеваат и вознемируваат кучињата скитници на улиците но и младите кои презаситени од своите домашни миленици ги оставаат на улица;
- Некоординирани активности на надлежните структури: Ветеринарниот институт, локалната самоуправа, Средното земјоделско-ветеринарно училиште „Браќа Миладиновци“ - Скопје, Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје, ЈП Комунална хигиена - Скопје, ЈП за благосостојба на животните скитници „Лајка“ – Скопје и слични вакви институции, Ловечката федерација и ловечките друштва, невладиниот сектор кој се занимава со областа на заштитата на животните а особено на кучињата скитници, посебно, активностите на „Анима Мунди“ од Скопје;
- Голем број на угинати, прегазени или на друг начин загинати животни кои се среќаваат на секој чекор: улици, паркови,

тревници и друго, притоа ширејќи неподнослива миризба и предизвикувајќи разни опасности од зарази.

## 2. Загрозеност на безбедноста на граѓаните

Следејќи ги секојдневните објави во дневните весници, интернет-порталите, официјалната интернет-страница на Министерството за внатрешни работи и, секако, независниот бесплатен неделник на македонската метропола „Скопско ЕХО“, многу лесно и брзо, секојдневно можеме да се увериме за загрозената човекова безбедност од уличните кучиња скитници но и од домашни миленици, кои, речиси, секојдневно каснуваат по некој граѓанин. Има регистрирано граѓани коишто го пријавиле своето каснување во полиција, во Град Скопје, претходно во ЈП „Комунална хигиена“ сега во ЈП „Лајка“ и се јавиле на преглед во здравствена установа но, и голем број на граѓани кои не го пријавуваат каснувањето од куче. Дека состојбата треба да нè загрижува ги претставуваме добиените одговори на упатените барања за пристап до информации од јавен карактер за овој безбедносен проблем. Според Министерството за внатрешни работи во периодот од 2016 до 20 јануари 2020 година, од страна на граѓани биле пријавени случаи на каснување од куче.

***Табела број 1 - Пријави од граѓани за каснување од кучиња скитници*** **(**Според одговор од МВР бр. 16.1.2-283/1 од 25.2.2020)

| **Година** | **Пријавени каснувања од куче** |
|---|---|
| **2016** | **68** |
| **2017** | **122** |
| **2018** | **404** |
| **2019** | **618** |
| **1.1.2020 до 20.1.2020 ( 20 дена)** | **109** |

Според табелата број 1, Пријави од граѓани за каснување од кучиња скитници (Според одговор од МВР бр. 16.1.2-283/1 од 25.2.2020), јасно може да се види прогресијата на каснување од кучиња скитници кои случаи се пријавени во МВР.

Во Градот Скопје во периодот 2016-2020 година се заведени **1.140 тужби од граѓани за каснување од куче** (Град Скопје, Одговор бр. 09-7455/1 од 26.7.2021). На овој одговор, секако, е потребно да се надополнат и оние пријави и тужби кои се упатени претходно до ЈП „Комунална хигиена“ Скопје за прифатилиштето „Вардариште“ до март 2019, а потоа од март 2019 година во Јавното претпријатие за

благосостојба на животните скитници „Лајка“ – Скопје. Во продолжение би го претставиле написот во независниот бесплатен неделник на македонската метропола „Скопско ЕХО“ бр.175 од 10 јуни 2021 година каде на страница 3 со наслов: **ЈП „Лајка“ не го реши проблемот „Кучиња – скитници и натаму ќе касаат, кога Градот нема „заби“ за нив“**, каде се вели дека **„Градот Скопје за една тужба исплатувал помеѓу 1000 и 2000 евра а за првите девет месеци во 2020 година исплатиле неверојатни 100.000 евра оштета на граѓаните каснати од куче“.** Секако, проблемот постои и само се зголемува а решението барем во догледно време не е на повидок. Ако за спроведување на годишните програми за хуман третман на животните скитници Градот Скопје во годините 2016, 2017 и 2018 издвојувал по 7.000.000 денари а во 2019 издвоил 10.000.000 денари со напомена дека не биле искористени сите бидејќи активности имало до месец март кога активностите ги спроведувала ЈП „Комунална хигиена“. Во периодот после месец март 2019 година се формира и отпочнува со работа Јавното претпријатие за благосостојба на животните скитници „Лајка“ – Скопје, коешто до месец декември 2020 година ***„немаше активности околу заловување и медицински третман на бездомни кучиња заради работи од процедурален, правен и административен карактер“*** (Град Скопје, Одговор бр. 09-7455/1 од 26.7.2021). **Според овој одговор 10 месеци во Скопје никој не се грижел за кучињата скитници.** Но, според добиениот одговор од Јавното претпријатие за благосостојба на животните скитници „Лајка“ – Скопје, во периодот од 17 ноември до крајот на 2020 година биле заловени 135 кучиња **(многу невообичаена ситуација и разногласие - контрадикторности на надлежните државни институции).** Истовремено, во истиот период ЈП „Лајка“ имало кастрирано 55 кучиња а биле стерилизирани 60 кучиња (електронски одговор од ЈП „Лајка“ бр. 03-1576/2 од 21.7.2021). За да биде сликата комплетна ги претставуваме и податоците од ЈП „Комунална хигиена“ - Скопје.

***Табела број 2 - Заловување и третман на кучиња скитници од страна на ЈП „Комунална хигиена“ - Скопје*** (Според добиениот одговор бр.03-2552/2 од 30.6.2021 )

| Година | заловени | кастрирани | еутаназии | вдомени |
|---|---|---|---|---|
| **2016** | **1662** | **1045** | **344** | **264** |
| **2017** | **1444** | **1008** | **268** | **164** |
| **2018** | **1274** | **946** | **179** | **148** |
| **2019 (1-3 месец)** | **285** | **216** | **29** | **40** |

Според добиениот одговор од ЈП „Комунална хигиена“ - Скопје, очигледни се активностите кои биле преземани и спроведени од страна на јавното претпријатие за одржување на состојбата во некои разумни размери. Токму за состојбата се релевантни и следниве податоци.

***Табела број 3 - Подигнати згазени и умрени животни од страна на ЈП „Комунална хигиена“ - Скопје***
(Според добиениот одговор бр.03-2552/2 од 30.06.2021 )

| Година | вкупно | кучиња | мачки | друг добиток |
|---|---|---|---|---|
| **2016** | **511** | **297** | **203** | **11** |
| **2017** | **504** | **335** | **166** | **3** |
| **2018** | **500** | **295** | **200** | **5** |
| **2019** | **702** | **292** | **405** | **5** |
| **2020** | **1029** | **352** | **668** | **9** |
| **Вкупно** | **3246** | **1571** | **1642** | **33** |

Преку табелата број 3 Подигнати згазени и умрени животни (која е изготвена според добиениот одговор од ЈП „Комунална хигиена“ - Скопје (одговор бр.03-2552/2 од 30.6.2021), јасно се гледа дека ЈП „Комунална хигиена“ - Скопје имало голем број и дополнителни активности околу грижата и за загинатите и умрените животни во градот Скопје, доколку го пресметаме на дневна основа би произлегло дека при заловувањето имало по околу 4 заловувања дневно и околу 1,5 подигнувања на згазени или умрени животни.

Можеби ќе биде уште понеразбирливо кога го претставуваме добиениот одговор од **Агенцијата за храна и ветеринарство** во однос на нашиот безбедносен проблем кој го истражуваме. Според нивниот одговор бр. 03-1560/2 од 19.7.2021 година, во нивниот *Систем за идентификација и регистрација ЈП „Лајка“* **има заловено 538 кучиња**. Значи за истата институција имаме три различни **контрадикторни** одговори.

***Табела број 4 - Добиени различни одговори за иста работа на ЈП „Лајка“ од различни институции* (КОЈ Е ВИСТИНСКИОТ ОДГОВОР?)**

| | Заловени кучиња |
|---|---|
| **Одговор: Лајка за 2020** | **135** |
| **Одговор: Град Скопје** | **Нема заловувања** |
| **Одговор: Агенција за храна и ветеринарство** | **538** |

Од страна на **Агенцијата за храна и ветеринарство,** одговорено е дека со микрочип се евидентирани 95.657 домашни миленици, од кои кучиња биле 90.870. Според ЈП „Лајка“, биле

идентификувани 179 кучиња со микрочип, од кои 73 се вдомени а 106 се вратени во реонот на нивното заловување.

Во однос на вршењето *инспекциски надзор* на работењето на Стационар „Вардариште" на ЈП „Комунална хигиена" - Скопје, по години биле спроведени инспекциски надзори.

***Табела број 5 - Спроведени инспекциски надзори во Стационар „Вардариште" и ЈП „Лајка"***

| **Година** | **Стационар „Вардариште"** | **ЈП „Лајка" – од основање до јуни 2021** |
|---|---|---|
| **2017** | **1** | |
| **2018** | **5 (по поднесени претставки за напади од бездомни кучиња 21 надзор)** | |
| **2019** | **5 (1 надзор и 4 постапувања по претставки** | |
| **2020** | | **4** |

Би било неблагодарно да се коментираат олку малку надзори на толку многу проблеми но очигледно е дека според трошењето на буџетските средства особено треба да се позанимаваат: **Финансиската полиција** и **Министерството за внатрешни работи - Одделот за финансиски истраги**, **Јавното обвинителство** и, секако, некој од **државните ревизори** за трошењето на буџетските средства. Откако ги видовме статистичките показатели сега е моментот да се соочиме со последиците од каснувањата од бездомните животни и домашни миленици кои се реалност и секојдневие. Со цел воведување на единствена примена на правото и изедначување на судската практика од страна на ***Врховниот суд на Република Македонија, на 4.3.2016 година е донесено правно мислење – солидарно одговорни за надоместок на штета причинета од каснување од куче скитник се општините, односно Градот Скопје и Јавното комунално претпријатие или друго правно лице, на кое со договор му е доверено собирањето на кучињата скитници и нерегистрираните кучиња.*** Преку овој документ за секој конкретен случај се утврдува **солидарната одговорност** дали е изворна или пренесена на некое јавно претпријатие. Примери за состојбата со каснувањата од бездомни кучиња:

***Пример број 1 - Кучиња скитници нападнаа службеник на Светска банка***

***СДК: Кучиња скитници нападнаа службеник на Светска банка*** 22/09/2018 10:16
Службеник на Светска банка кој е во посета на Мисијата во Македонија бил нападнат од кучиња додека трчал на кејот на реката Вардар во Скопје, при што паднал и ***ја скршил ногата***. Додека бил нападнат од кучињата, службеникот почнал да вика за помош, но не ја добил иако во близина забележал униформирани лица, дознава сакамдакажам.мк од очевидци на настанот. Му помогнале минувачи кои биле на кејот и ги избркале кучињата. Подоцна повредениот е згрижен во една приватна болница во Скопје. Мисијата на Светска банка во Скопје го потврди настанот.
https://plusinfo.mk/%D1%81%D0%B4%D0%BA%D0%BA%D1%83%D1%87%D0%B8%D1%9A%D0%B0%D1%81%D0%BA%D%B8%D1%82%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BF%D0%B0%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D0%B0%D1%81%D0%BB%D1%83%D0%B6%D0%B1%D0%B5%D0%BD/

***Пример број 2 - Кучињата повторно нападнаа жена во Скопје***

***Кучиња повторно нападнаа жена во Скопје*** 14.12.2017 | 18:09
Македонија

Продолжуваат проблемите со агресивните кучиња – скитници. Откако во населбата **Аеродром куче нападна деца и возрасни,** вчера во **населбата Илинден 38-годишна жена била нападната од четири кучиња скитници, при што едно од кучињата ја каснало во пределот на грбот**. Оштетената случајот го пријавила во МВР, по што побарала лекарска помош во Ургентниот центар на Инфективна клиника каде и било констатирана **телесна повреда** и била пуштена на домашно лекување. Од Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби велат дека редовно и секојдневно се упатуваат пациенти со повреди од каснување од кучиња. Ваквата состојба се случува десетици години наназад велат од клиниката**. „На Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби редовно и секојдневно се упатуваат пациенти со повреди од каснување на кучиња. Кај пациентите се спроведува,**

**зависно вакцинален статус и потреба, антитетанична и антирабична серо и вакцинална профилакса. Повредите настанати од кучиња се редовна појава која се случува десетици години наназад“,** вели Милена Стефановиќ - директорка на Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби. Градоначалникот на Општина Центар, пак, денеска по однос на масовното труење ги повика граѓаните да помогнат да се открие кој фрла отров за кучиња, изјави и дека се предвидени и парични награди за граѓаните кои ќе пријават или достават каков било релевантен податок. „Ние како општина преземаме чекори со нашите служби таму каде што ќе добиеме пријави веднаш да испратиме луѓе да расчистат колку што можат за да не се случуваат тие масовни труења на животните скитници, но знаеме дека станува збор за отров кој штетно влијае и на луѓето. Ќе донираме и дел од нашите средства како награда за лицето коешто ќе ни даде податок што ќе ни помогне за откривање на луѓето кои го прават тоа“, вели Саша Богдановиќ – градоначалник на Општина Центар. Од Здружението за заштита на животни „Анима Мунди“ велат дека секој изолиран случај на каснување треба да се разгледува индивидуално а не да се посегнува по масовно расфрлање на отров. Велат дека ќе ги тужат луѓето одговорни за труењето на бездомните кучиња, на јавни површини. Организацијата од граѓаните бара помош за да се лоцираат потенцијалните трујачи. А веќе во недела неформална група на граѓани ќе излезат на протест против труењето на кучињата и мачките на град Скопје.
https://www.24.mk/kuchinja-povtorno-napadnaa-zhena-vo-skopje

Преку првите два примера се нуди можност да се види дека кучињата не избираат кого ќе каснат а последиците од нивното каснување никој не може да ги предвиди.

***Пример број 3 Извадоци од дневните билтени на МВР*** (преземени од интернет- страницата на МВР) за каснувања од кучиња скитници **од 13 февруари до 13 март 2019 година** и каснувања во месец **јули 2022 година.**

***Третиот пример е доказ за состојбата со пријавување на каснувања од кучиња скитници во МВР за целата територија на државата и гледаме дека, проблемот е распространет низ целата држава и за еден месец во периодот од 13 февруари 2019 до 13 март 2019 година според билтените на МВР се пријавени 42 каснувања од бездомни кучиња или во просек 1,4 каснувања дневно што приближно за една година би било околу 511 каснувања, ако се навратиме на финансиските последици по околу 2000 евра за една судска постапка 1.022.000 евра на годишно ниво се исплатени средства за тужбите за каснувања од бездомни кучиња.***

Во однос на примерите истите може да се пронајдат на интернет-страницата на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија. Сепак, многу е позначајно за кои видови на повреди станува збор. Според дневните билтени на МВР за обработениот период, повреди од каснувања се нанесени најчесто на овие делови од телото на повредените:

- ❅Лева нога и лева потколеница - 19 повреди;
- ❅Десна рака - 4 повреди;
- ❅Лева рака - 1 повреда;
- ❅Десна нога - 6 повреди;
- ❅Двете нозе - 4 повреди.

Ако ја споредиме бројката на пријавени каснувања 42 и прикажаните места на кои се нанесени повредите 34, доаѓа до разлика од 8 каснувања на кои не е напишано на кој дел од телото се нанесени повредите.

***ВТОР ДЕЛ ОД Пример број 3 - Извадоци од дневните билтени на МВР*** (преземени од интернет- страницата на МВР) за каснувања од кучиња скитници **од 13 февруари до 13 март2019 година** и каснувања во месец **јули 2022 година.**

| |
|---|
| Вториот, компаративниот дел од третиот пример покажува дали некој воопшто презел какви било превентивни активности, **очигледно е дека никој ништо не сторил** бидејќи во периодот од 1 до 31 јули 2022 година, дури има и зголемување на овие настани од 31 каснување во месеците февруари/март 2019 до 48 каснувања во јули 2022 година, што може да се должи и на зимскиот и летниот период на споредување. |

За вториот дел од примерот којшто е спореден со првиот значајно е дека во јавно објавениот билтен - Дневни настани на МВР за истражуваниот период, и покрај обврската да се одговорат деветте златни прашања на криминалистиката а кои се значајни за предистражната, истражната и судската постапка, МВР не одговара на нив пропуштајќи да ги напише локациите и видовите на повреди кои им се нанесени на каснатите лица. Токму локациите на нанесените повреди на телото, нивниот визуелен опис и, секако, подготвеното фотографирање се клучни за докажување на повредите и делото.

Во однос на ***најчести жртви*** се појавуваат: деца или повозрасни лица кои се плашат од кучињата и во паника или почнуваат да бегаат, или да викаат неконтролирано или се обидуваат да земат некој предмет за да се одбранат па во тој момент се нападнати од кучињата. Во однос на *времето на случување* нема конкретен показател бидејќи се случувале во секој дел од денот, но во однос на ***локациите,*** најчесто, тоа се места каде што престојуваат и ги сметаат за своја територија одредена група на кучиња помала и поголема која на овој начин си ја штити својата територија од загрозување.

На крајот, неопходно е да им укажеме на колегите кои ги примаат пријавите задолжително да дадат одговори според златните прашања, лично да ги проверат повредите, формата или обликот и доколку дозволи оштетениот истите да бидат фотографирани или оштетениот да донесе фотографии од истиот ден, оштетениот да се јави во здравствена установа каде ќе ги констатираат повредите и ќе му издадат соодветна медицинска документација, неопходно е повредениот да се јави и во Одделот на заразни болести каде ќе утврдат дали е потребно да прими „тетанус“ доколку кучето е скитник,

Истовремено, да ја информира надлежната служба од локалната самоуправа за заловување на кучето кое го сторило нападот. Во случај да се работи за домашен миленик полицискиот службеник е должек да обезбеди: родовник за кучето, документ за редовниот прием на вакцинации и комплет податоци од сопственикот на кучето и условите за чување, дали има ознака на влезот во куќата да се внимава има куче и доколку не му е проблем да го фотографира сето тоа за да се стави во службената документација која се доставува на судот.

Во последно време како и секаде во можните криминални активности и овде се појавија одредени сомневања за организиран криминал на штета на буџетите на локалните самоуправи во којшто постои сомневање дека се вклучени: полициски службеници, здравствени работници, адвокати и судии кои ги носат пресудите. Ваквото сомневање јавно на седница и во порталот „А1он" на 3 април2023 година е објавено со наслов „Граѓани, адвокати и лекари од Велес заработуваат од оштети од каснување од куче, сомнежи дека е вмешана и Општината", каде советникот на Левица од Општина Велес, Игор Смилев, вели: „Некои граѓани и неколку пати пријавувале каснување. Некои, пак, намерно ги тепаат кучињата со цел тие да станат агресивни, а некои сами си прават повреди кои потоа ниту лекар не може да докаже дека се од каснување на куче. Но, ова никој не може да го направи ако нема адвокат кој ќе го поттикне и лекар кој ќе им помогне за лекарско уверение", достапно на следниов линк: https://a1on.mk/macedonia/gragjani-advokati-i-lekari-od-veles-zarabotuvaat-od-oshteti-od-kasnuvanje-na-kuche-somnezhi-deka-e-vmeshana-i-opshtinata/ (Пристапено на 27.4.2023). Лично мислење на авторот е дека никој во денешни услови не може да реплицира повреди од каснување на куче каде најчесто е видливо забалото што и не е толку едноставно за фингирање а, сепак, според исплатените штети, кои најмногу се околу 2.000 евра во денарска противвредност, дали има доволно пари за сите инволвирани?

Со цел превенирање на какви било сомнежи, неопходно е професионално извршување на полициските обврски, соодветно составување на записникотдетално и комплетирање на погоре претставената документација со што автоматски им се ускратуваат можностите на здравствените работници, адвокатите и вработените по општините.

## 3. Правни и превентивни аспекти за појавата

Пишувајќи за правните аспекти кои им стојат на располагање на граѓаните на почетокот започнуваме со ***полесните последици*** кои ги третираше Законот за прекршоци против јавниот ред и мир од 2007 година, каде овие состојби се опфатени во членовите 9 и 29 (сè до донесување на Закон за измени и дополнувања на ***Законот за прекршоци против јавниот ред и мир,*** „Службен весник на РСМ“, бр. 171 од 29.7.2022 година кога **членот 29 е УКИНАТ**).

Во членот 9 се предвидува казнена одредба **за организирање на борба меѓу животни на јавно место** при што се предизвикува **негодување на граѓаните или се загрозува нивната безбедност** (предвидена е глоба од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност). Според Законот за измените и дополнувањата на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир, „Службен весник на РСМ“, бр. 171 од 29.7.2022 година, во членот 6 е предвидено намалување на глобата за член 9 од 50 до 150 евра или минималната казна е намалена за 10 пати а максималната за, речиси, 7 пати. Дел од надлежноста е префрлена во член 51 точки1 и 2 од Законот за заштита и благосостојба на животните, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 113/2007 година.

Во членот 29 (**којшто сега е укинат)** беше предвидено казнување на лицата кои ги шетаат своите домашни миленици на јавно место без заштитна маска или без заштитни средства, без надзор и невнимателно, како и други животни кои може друг да преструшат или да повредат при што ќе им се изрече глоба во висина од 100 до 400 евра во денарска противвредност. За жал, членот 29 и покрај зголемениот обем на нападнати граѓани од кучиња, законодавецот очигледно го игнорираше и со Закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 171/2022 година во членот 25 е ИЗБРИШАН-УКИНАТ постојниот член 29. Со оваа одлука на законодавецот сега граѓаните слободно можат да ги шетаат своите миленици без заштитни средства, да ги оставаат каде сакаат без надзор, невнимателно а тоа што можат некого да  преструшат, повредат или убијат тоа е безначајно (ОВА Е НЕВИДЕН АПСУРД И НЕЗНАЕЊЕ ИЛИ НЕСООДВЕТНО РЕАГИРАЊЕ НА РЕАЛНИТЕ  СОСТОЈБИ). Иако од граѓаните има голем број на реакции за ова бришење на членот, институциите не реагираат . (Проблемот со кучињата ги разгневи и граѓаните и здруженијата, Енџи Николоска, 11.1.2023,https://24.mk/details/problemot-

so-kuchinjata-gi-razgnevi-i-gra-anite-i-zdruzhenijata, пристапено на 12.1.2023).

Од лично искуство би посочил пример кој пред многу години се случи во центарот на Скопје, кога лице кое за домашен миленик чувало мајмунче кое го носело врзано на синџирче на своето рамо и им дозволувал на граѓаните да се сликаат со него за одреден надоместок, во еден момент еден граѓанин кој се фотографирал бил гризнат од мајмунчето кое на устата не носело заштитно средство. Против сторителот е поднесена соодветна прекршочна пријава. Вториот вид на предизвикани последици се потешките последици по здравјето на граѓаните кога се каснати од бездомно куче или куче на некој сопственик и им се нанесени: телесни повреди, лесни телесни повреди, тешки телесни повреди или смрт. Во оваа ситуација покрај основното кривично дело Предизвикување општа опасност - член 288 од ***Кривичниот законик***, постојат и други кривични дела кои се дополнување на истото: член 130 телесна повреда, член 131 тешка телесна повреда, член 134 изложување на опасност, член 233 мачење на животни.

***Пример број 4 - Трагично изгубен живот на 4-годишно дете***

> ***Четиригодишно дете нападнато од глутница кучиња***
>
> **17 март 2017**
>
> На 16.3.2017 година околу 11:30 часот во село Бачиште, Кичевско, од страна на поголема група кучиња било нападнато четиригодишно дете од истото село, по што истото во критична состојба е пренесено во Ургентен центар Скопје. Имено, четиригодишното дете излегло од куќата и сакало да премине преку нива и да појде во соседната куќа, но во тој момент било нападнато од кучиња кои дошле од соседната штала со овци, сопственост на Ш.В. (49) од село Бачиште, каде истиот ги чувал кучињата пуштени, како и други кучиња скитници. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на ПС Кичево, а по целосно документирање на настанот ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.
>
> http://www.slobodenpecat.mk/hronika/chetirigodishno-dete-napadnato-od-glutnitsa-kuchina/

***Почина четиригодишниот Џеваир кого го искасаа кучиња***

19 март 2017

Четиригодишниот Џеваир Усеини, кој беше искасан од кучиња во петокот, денеска околу 13 часот им подлегна на повредите и почина на Универзитетската клиника Карил во Скопје.

Малиот Џеваир беше нападнат од група кучиња во селото Бачишта, Кичевско, кога сакал преку нива да отиде до соседната куќа каде бил неговиот татко.

Детето три дена беше на апарати за дишење, во критична и животозагрозувачка состојба. На скопските клиники било примено во тежок хеморагичен шок. Било распарчено од кучињата, со искинат стомак, имало тешки повреди и скршеници на черепот и градниот кош. Операцијата траела повеќе од 4 часа и лекарите морале да ги извадат едниот бубрег и слезинката. Пред три дена детето беше нападнато од

http://www.slobodenpecat.mk/hronika/pochina-chetirigodishniot-dhevair-kogo-go-iskasaa-kuchina/

За овој немил настан би побарале одговор од надлежните институции во државата на кој начин во Македонија стигнале, ***се одгледуваат и слободно се шетаат кучињата „кангали“*** (повеќе може да се прочита на: https://www.trt.net.tr/makedonski/kultura-i-umietnost/2018/09/24/turskoto-kuchie-kanghal-najsilnoto-i-najbaranoto-ovcharsko-kuchie-vo-svietot-1054890), кои се исклучително снажни и заштитнички крволочни кон лица или животни кои му се приближуваат на предметот или животното кое го чуваат а, најверојатно, се донесени од Турција, Косово или Албанија.

Најсвежиот пример кај нас е настанот во населба Пинтија во Скопје:

***Пример број 5 - Усмртено 8-годишно дете од кучиња***

„Вчера, околу 18:25 часот од УК за хируршки болести Свети Наум Охридски“ е добиена пријава дека кај нив е донесено малолетно лице, дете на осумгодишна возраст коешто подлегнало на повредите по напад од куче. Веднаш е известен и надлежен јавен обвинител по чијашто наредба телото е дадено на обдукција и се преземаат мерки за расчистување на

случајот“, изјави Тони Ангеловски, помошник на министерот за внатрешни работи за односи со јавност.

https://faktor.mk/dvete-semejstva-imale-odlichni-odnosi-detenceto-chesto-imalo-kontakti-so-kucheto---se-istrazuva-kako-doshlo-do-nesrekjata, (пристапено на 12.4.2023)

За погорниот пример не постои никаков коментар којшто би бил соодветен и би можел да го врати изгубениот живот на детето.

Во однос на ***превентивните аспекти на појавата*** би го претставиле примерот за активностите на Охридскиот дресер на кучиња којшто предизвикан од состојбите со бездомните кучиња нуди свое решение на проблемот но истото барем засега не наидува на разбирање во Агенцијата за храна и ветеринарство ниту во локалните самоуправи, претпоставуваме заради скратување на можностите за нови непродуктивни вработувања и ненаменско трошење на буџетски средства собрани од граѓаните.

***Пример број 6 Охриѓанец нуди решение за надминување на проблемот со кучешките напади***

***Охриѓанец подготви програма за заштита на луѓето од кучешки напади***

14.12.2017

Ефто Стојаноски, познат охридски дресер на кучиња, изработил програма за заштита на луѓето од кучешки напади. Програмата е сработена пред неколку години, а деновиве нападот на кучиња врз луѓето е актуелна тема. За опасностите од напад на кучињата врз луѓе Стојаноски вели дека со години предупредува, а досега надлежните не покажале интерес да го слушнат знаењето на дресерите кои работат со кучиња. За таа цел подготвил многу предлози со кои ќе се заштитат и луѓето и кучињата. Точно напладне, во сабота, во општинската сала, Стојаноски организира јавна расправа. Поканети се сите граѓани, ловци, здруженија за заштита на животните, дресери, одгледувачници на кучиња како и претставници од АХВ и општината. „На расправата секој граѓанин, секој засегнат ќе може да ја разгледа програмата. Има можност да се предлагаат измени, надополнувања и предлози. Сѐ што е добро ќе го внесеме и ќе го доставиме до Агенцијата за храна и ветерина кои се надлежни за законите и до општините“, појаснува Стојаноски. Во Програмата за заштита на луѓето од кучешки напади, меѓу многуте предлози на Стојаноски, се враќање на

законската одредба за задолжително носење на заштитна маска кај кучињата и чување на опасните кучиња во двор не на синџир туку во специјални заштитени боксови. Стојаноски напоменува дека во програмата има предлози како општината да се справи со кучињата скитници. Тој предлага наместо скапите регионални стационари да се ангажира овластено лице кое по заловувањето на опасното куче скитник ќе ја следи неговата состојба и ќе одлучи за оправдана еутаназија. „Предлагам мини-стационар со неколку бокса, шинтерска екипа, која нема да биде скапа и ќе ги заловува сите опасни кучиња кои се на слобода. По дојава од граѓани, овластено или обучено лице ќе прави процена колку кучето е опасно", посочува Стојаноски. Дресерот на кучиња, Ефто Стојаноски, укажува дека на охридските улици може да се забележат многу опасни кучиња скитници од расата питбул или ротвајлер. Деновиве се забележува низ населбата Далјан еден напуштен питбул, предупредува Стојаноски.

http://tvm.mk/vesti/ohrid/26445-ohrigjanec-podgotvi-programa-za-zashtita-na-lugjeto-od-kucheshki-napadi

***Пример број 7 „Анима Мунди": Не ни се проблем животните – институциите ни се проблем, но нема кој да го санкционира нивното неработење*** (Курир 29 ноември 2019)

***Анима Мунди: Не ни се проблем животните – институциите ни сепроблем , но нема кој да го санкционира нивното неработење!***

*watch_later* 29. ноември 2019. @ **11:17** *timelapse* 4 мин.

10 Лајки не можат да ја поправат штетата нанесена на животните, граѓаните и градот со запирање на Програмата за масовна стерилизацијата на бездомните животни во Скопје од месец април и непонудената алтерантива за спроведување на истата (на пример, во соработка со активисти, локални ветеринарни станици, дистрибуција на ваучери за бесплатна стерилизација, мобилни ветеринарни служби), игнорирањето на укажувањата и барањата на здруженијата кои сопствените знаења, искуства и ресурси ги нудат за справување со проблемот. Нема кој да ги чуе, освен пред избори. Ова го порачуваат од „Анима Мунди", здружение за заштита на животните.

***Нивното обраќање го пренесуваме во целост:***

Ај што градот молчи, туку КАКО ДА НЕ ПОСТОИ АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО, иако се надлежниот орган кој треба да ја процени состојбата во која се наоѓаме и да укаже на нејзината сериозност, да понуди надминување и да го санкционира град Скопје. СО КОГО И СО ШТО СИ ИМАМЕ РАБОТА МОЖЕ ДА СЕ ЗАКЛУЧИ И ПО НИВНОТО ИГНОРИРАЊЕ НА СЕКОЈ НАШ МЕЈЛ, ВО СЛУЧАЈОВ НАША ПОНУДА ЗА ПОМОШ И ДОЗВОЛА ДА СТЕРИЛИЗИРАМЕ БЕЗДОМНИ ЖИВОТНИ ВО СКОПЈЕ. Прочитајте го мејлот кој е испратен на АХВ и директорот, Зоран Атанасов каде нудиме помош во стерилизации на бездомни кучиња, за што бараме дозвола – зошто здруженијата се изложени на притисоци и инспекции доколку стерилизираат бездомни животни. Потенцираме на јавноста – АХВ „мува не ги лази“ и не одговараат на нашите барања да ни се дозволи да вршиме стерилизација на бездомните животни, и тоа сега додека градот по ова прашање е во комплетен колапс. Оваа Монти Пајтон приказна е својствена само во Македонија, за ваквото безредие на Балканот, Европа, сите ни се чудат! За останатиот свет активистите се слика на хумана и цивилизирана Македонија, додека општините и институциите (АХВ) се перципираат како неспособни, нехумани и корумпирани.



Барање дозвола за вршење стерилизации на бездомни животни

ANIMA MUNDI <anima.mundi.sk.mk@gmail.com> Oct 29, 2019, 12:09 PM
to ЗОРАН, Dimitar, гpeseva, Kristina, Dusica, bce [redacted]

Почитувани,

Имајќи ја во предвид сериозно зголемената бројка на нови животни на улиците, уследена како резултат на застој на процесот на стерилизација на бездомните животни од месец април ; не понудена никаква друга алтернатива за примена на програмата; отсуство на стратегија за промоција/обезбедување на одговорното сопственишто и последователно; несанкционирање на напуштањето и неконтролираното размножување на миленици

**БАРАМЕ дозволна за спроведување на стерилизации врз бездомни кучиња во Град Скопје. Потенцираме, нашата цел и помош би било обезбедување - вршење на стерилизација врз животните и спречување на нивната репродукција** во периодот додека не се создадат услови за спроведување на Програмата во Градот, а сите останати законски постапки кои се обврска на ЕЛС, во случајов град Скопје (вакцинација, тестирање, чипување) би уследиле понатаму по заловување на животните од страна на општините/градот.

Информираме дека би нашле начин животните да бидат обележани.
Замолуваме за ургентен одговор,

ЈАВНОСТА МОРА ДА ЗНАЕ ДЕКА НЕ НИ СЕ ПРОБЛЕМ ЖИВОТНИТЕ – ИНСТИТУЦИИТЕ НИ СЕ ПРОБЛЕМ, но нема кој да го санкционира нивното неработење!

Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, Зоран Атанасов, ѝ должи објаснување на јавноста дали не смета

дека стерилизирањето на бездомните животни е итно и важно, со цел да се обезбеди заштита на граѓаните, животните, да се заштедат пари (НАД 200 000 ЕВРА) кои градот ги фрла годишно на отштети за каснување од бездомно куче. Активистите трчаат по улици, вдомуваат, и со сопствени напори и пари се обидуваат да ги вратат работите под контрола. Истиве институции се први да ги малтретираат и казнуваат хуманите граѓани: сопствениците на миленици за мирно куче без маска, луѓе кои сакајќи да помогнат згрижуваат и самостојно стерилизираат бездомни животни, здруженија кои, според нивното гротескно толкување на законот не смеат да стерилизираат – но без исклучок меѓусебно си се покриваат и штитат кога нивната ноншалантност, неспособност, незаинтересираност е повеќе од евидентна. Не им е гајле што се предизвикува опасност, штета и што се трошат парите дадени од наш џеб!

**ПОТСЕТУВАМЕ: Секоја една нестерилизирана единка во просек раѓа некаде од 16 до 20 кутриња. Да претпоставиме дека половина од родените се исто женки (8 до 10 женки) – веќе од само едно женско куче и потомството создадено во една година имаме 120 до 200 млади, репродуктивно способни единки на улица. Од сто нестерилизирани женки, градот во една година продуцира нови од 12.000 до 20.000 единки на улица. Немањето интерес, знаење, концепт и сенс продуцира НАЈМАЛКУ 6.000 нови кучиња во град Скопје за само половина година.** „Анима Мунди“ бесцелно се обидува да обезбеди помош за животните, за граѓаните, за државата, кога на крај сѐ е законски оневозможено. Ова треба да го знаат сите оние кои бараат виновник зошто со децении не е решен проблемот со бездомните кучиња, и сите оние кои веруваа во ветувањата дека нешто на добро ќе се промени. Бараме одговорност!

https://kurir.mk/makedonija/vesti/anima-mundi-ne-ni-se-problem-zivotnite-instituciite-ni-se-problem-no-nema-koj-da-go-sankcionira-nivnoto-nerabotenje/

Пред извесно време на социјалните мрежи се појави краток напис со наслов „Како да се однесувате во случај на напад од куче и што да направите“(достапно на https://kajgana.com/kako-da-se-odnesuvate-vo-sluchaj-na-napad-na-kuche-i-shto-da-ne-pravite (пристапено на 26.7.20022), подоцна на 15.8.2022 објавено и во „Нова Македонија“ достапно на следниов линк

https://www.novamakedonija.com.mk/prilozi/zivotni/kako-da-se-odnesuvate-vo-sluchaj-na-napad-od-kuche/ (пристапено на 16.8.2022), каде се клучни две работи: држењето растојание и смиреноста и во дадениот критичен момент како да се постапува. Понудените превентивни механизми од поединци и невладиниот сектор како да немаат никакво значење дури се добива впечаток дека и никој надлежен не ги слуша а камоли да ги анализира финансиските, безбедносните и другите аспекти, но, секако, за тоа е потребно многу работење и трошење на својот интелект. Пред самиот крај би го посочил првиот позитивен пример на локалната самоуправа на Општина Аеродром од Скопје која со префрлање на 1.000.000 денари на ЈП „Лајка“ и со заеднички активности се обидува да го ублажи овој проблем на територијата на својата локална самоуправа, текстовите се достапни на следниве линкови: https://vecer.mk/makedonija/nad-eden-milioni-denari-od-opshtina-aerodrom-za-jp-lajka/ (пристапено на 2.8.2022), https://nezavisen.mk/opshtina-aerodorm-zaedno-so-lajka-kje-go-soprat-istovaranjeto-kuchinja/(преземено на 2.8.2022). Посебна опасност за луѓето но, пред сѐ, за животинскиот свет којшто живее во планините а посебно за балканскиот рис, претставува префрлањето на напуштените кучиња во планините. Заради зголемената опасност од оваа појава од страна на МЕД (Македонско еколошко друштво), на трибина со наслов: „Напуштените кучиња закана за дивиот свет“, укажаа за опасностите од оваа појава а Меловски истакнал „Забележани се хибриди (волци и кучиња), главно, во пределот на Маврово и Јасен, каде на камерата имаме видено чистокрвни волци, но и нешто што не наликува ниту на куче, ниту на волк и ова претставува огромен проблем“. Целиот текст и поврзаните содржини се достапни на следниве линкови: https://telma.com.mk/2022/08/29/napushteni-kuchinja-se-shetaat-i-po-gradovite-i-vo-divinata-kade-se-meshaat-so-volci-ili-lovat-srni-i-divokozi/ (пристапено на 30.8.2022), https://www.slobodenpecat.mk/napushtenite-kuchinja-gi-polnat-planinite-napagjaat-lugje-i-go-lovat-divechot/ (пристапено на 29.8.2022), https://meta.mk/planinite-polni-so-napushteni-kuchinja-go-jadat-plenot-na-risot-i-napagjaat-lugje/ (пристапено на 29.8.2022).

Многу е важно институциите задолжени за грижата за животот на луѓето и животинскиот свет, сериозно и брзо да се зафатат со решавање на овој проблем, да не биде предоцна како што е проблемот со бројноста на исклучително крволочниот шакал и неговото забрзано размножување во Македонија. На крајот претпоставувам дека сите граѓани на Република Северна Македонија го делат истото мислење и сакаат како мене и тие да живеат во држава во која би го немало овој проблем како што е во Холандија, според објавениот текст со наслов:

**„Оваа земја веќе официјално нема кучиња скитници"** достапно на следниов линк https://www.fakulteti.mk/news/13022023/ovaa-zemja-oficijalno-vekje-nema-kuchinja-skitnici (пристапено на 14.2.2023).

## Заклучни согледувања

Со цел што поуспешно превенирање на појавата предлагаме:

- поголема вклученост како на образовните така и на високообразовните институции (мултиинституционален пристап) како што се: Средното земјоделско-ветеринарно училиште „Браќа Миладиновци" Скопје, Факултетот за ветеринарна медицина Скопје, Факултетот за биологија на ПМФ, Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" и други слични институции, Ловечката федерација и ловечките друштва, невладиниот сектор кој се занимава со областа на заштитата на животните а особено на кучињата скитници, посебно активностите на „Анима Мунди" од Скопје;
- Парите кои секоја година се трошат за исплата на оштетените побарувања да бидат пренаменети за превентивно заловување и кастрирање на бездомните животни за драстично намалување на популацијата на бездомни кучиња;
- Поголема вклученост на НВО и искористување на европските фондови во делот на санирање на проблемот;
- Заострување на казнената политика кон имателите на кучиња кои без грижа на совеста го оставаат породот на улица;
- Целосно спроведување на процесот на чипирање на домашни миленици и воведување на обврска на имателите на кучиња кога нивните женски миленици се скотни да имаат обврска истото да го пријават во одредена институција (Ветеринарен институт - Скопје) или други по другите градови и ако е возможно да се чипира породот веднаш после раѓањето, како би се следело движењето на истиот но и обврските на сопственикот кој го оставил својот миленик на улица;
- Строга примена на казнените механизми од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир и Законот за заштита и благосостојба на животните но и воведување на посебен член во Кривичниот законик за несовесно чување на (кучиња) бидејќи проблемите се со нив;
- Воведување актуелни предавања во основните училишта од претставници на: МВР - Оддел за превенција, Агенцијата за

храна и ветеринарство, ЈП „Лајка“, Ветеринарниот институт и други познавачи на материјата;

- Подготвување на документ – листинг на потребни документи кои се неопходни при каснување од куче а кои е потребно полицискиот службеник да ги обезбеди во делот на предистражната постапка, за да бидат доставени заедно со пријавата;
- На крајот, неопходно е вклучување и на многу други контролни механизми а особено, барем еднаш годишно и од: **Финансиската полиција** и **Министерството за внатрешни работи - Одделот за финансиски истраги**, **Јавното обвинителство** и, секако, некој од **државните ревизори** за наменското или ненаменското трошењето на буџетските средства на институциите задолжени за решавање на овој проблем.
- Потребно е **итно враќање на членот 29 од Законот за прекршоците против ЈРМ,** бидејки во државата, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство има занемарлив број на инспектори во однос на бројот на полициските службеници за спроведување на обврските кои произлегуваа од овој член а сега им се додадени на инспекторите од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Користена литература


1. Анима Мунди: Не ни се проблем животните – институциите ни се проблем, но нема кој да го санкционира нивното неработење!(Курир 29 ноември 2019).
2. Врховен суд на Република Македонија, Правно мислење од 4.3.2016.
3. Доставено барање за пристап до информации од јавен карактер до **Агенцијата за храна и ветеринарство 29.6.2021 - Одговор Решение бр. 03-1560/2 од 19.7.2021.**
4. Доставено барање за пристап до информации од јавен карактер до **ЈП „Комунална хигиена“ - Скопје на 29.6.2021 - Одговор Решение бр. 03-2552/2 од 30.6.2021.**
5. Доставено барање за пристап до информации од јавен карактер до **градоначалникот на град Скопје** на **26.6.2021 – Одговор Решение бр. 09-7455/1 од 26.7.2021.**
6. **Доставено барање за пристап до информации од јавен карактер до Јавното претпријатие за благосостојба на животни скитници**

**„ЛАЈКА“** на 2.7.2021 – електронски **Одговор** од ЈП „Лајка“ бр. 03-1576/2 од 21.7.2021.
7. Доставено барање за пристап до информации од јавен карактер до **Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија – Одговор** на барање бр. 16.1.2-283/1 од 25.2.2020.
8. Закон за прекршоците против јавниот ред и мир, „Службен весник на Република Македонија“, пречистен текст, 2015.
9. Закон за заштита и благосостојба на животните, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/2007.
10. Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија“, редакциски пречистен текст 2018.

**Користени интернет-страници**

http://khigiena.com.mk/channel/?id=6 (повеќе пати во 6месец 2021)
https://lajka.com.mk/(повеќе пати во 6месец 2021)
anima.mundi.sk.mk@gmail.com. (пристапено на 10.6.2021)
https://kurir.mk/republika/skopje/anima-mundi-so-ostri-kritiki-do-petre-shilegov/ (пристапено на 10.6.2021)
https://kurir.mk/makedonija/vesti/anima-mundi-ne-ni-se-problem-zivotnite-instituciite-ni-se-problem-no-nema-koj-da-go-sankcionira-nivnoto-nerabotenje/ (пристапено на 10.6.2021)
https://republika.mk/vesti/skopje/anima-mundi-gi-obvini-shilegov-i-ahv-poradi-vas-e-gradot-prepoln-so-kuchinja/ (пристапено на 10.6.2021)
https://www.anima-mundi.org.mk/ (пристапено на 10.6.2021)
https://www.trt.net.tr/makedonski/kultura-i-umietnost/2018/09/24/turskoto-kuchie-kanghal-najsilnoto-i-najbaranoto-ovcharsko-kuchie-vo-svietot-1054890(пристапено на 10.6.2021)
https://kajgana.com/kako-da-se-odnesuvate-vo-sluchaj-na-napad-na-kuche-i-shto-da-ne-pravite (пристапено на 26.7.20022)
https://vecer.mk/makedonija/nad-eden-milioni-denari-od-opshtina-aerodrom-za-jp-lajka/ (пристапено на 2.8.2022)
https://nezavisen.mk/opshtina-aerodorm-zaedno-so-lajka-kje-go-soprat-istovaranjeto-kuchinja/(пристапено на 2.8.2022).
https://www.novamakedonija.com.mk/prilozi/zivotni/kako-da-se-odnesuvate-vo-sluchaj-na-napad-od-kuche/ (пристапено на 16.8.2022),
https://telma.com.mk/2022/08/29/napushteni-kuchinja-se-shetaat-i-po-gradovite-i-vo-divinata-kade-se-meshaat-so-volci-ili-lovat-srni-i-divokozi/(пристапено на 30.8.2022)
https://www.slobodenpecat.mk/napushtenite-kuchinja-gi-polnat-planinite-napagjaat-lugje-i-go-lovat-divechot/ (пристапено на 29.8.2022)
https://meta.mk/planinite-polni-so-napushteni-kuchinja-go-jadat-plenot-na-risot-i-napagjaat-lugje/ (пристапено на 29.8.2022)
https://faktor.mk/dvete-semejstva-imale-odlichni-odnosi-detenceto-chesto-imalo-kontakti-so-kucheto---se-istrazuva-kako-doshlo-do-nesrekjata, (пристапено на 12.4.2023)

https://mvr.gov.mk/izvadok-od-dnevni-nastani/2938(пристапено на 12.4.2023)

https://www.fakulteti.mk/news/13022023/ovaa-zemja-oficijalno-vekje-nema-kuchinja-skitnici (пристапено на 14.2.2023).

https://a1on.mk/macedonia/gragjani-advokati-i-lekari-od-veles-zarabotuvaat-od-oshteti-od-kasnuvanje-na-kuche-somnezhi-deka-e-vmeshana-i-opshtinata/ (пристапено на 27.4.2023)

**UDK 614.8-047.64(497.7)**

# СИСТЕМОТ ЗА НАМАЛУВАЊЕ РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**професор д-р Александар Иванов, вонреден професор**
Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет „Свети Климент Охридски“ – Битола
*aleksandar.ivanov@uklo.edu.mk*
*akademec@gmail.com*

**д-р Кире Бабаноски**
*kbabanoski@gmail.com*

**професор д-р Владимир М. Цветковиќ, вонреден професор**
Факултет за безбедност, Универзитет од Белград, 11040 Белград, Србија
Научно-стручно друштво за Управување со ризици, 11056 Белград, Србија; kacaandr@gmail.com;
*vladimirkpa@gmail.com*

**Апстракт:**

Предметот на интерес во овој труд е приказ и елаборација на системот за намалување ризици од катастрофи во Република Северна Македонија, преку анализа на стратешката и правната рамка, воспоставената национална платформа и институциите кои влегуваат во негов состав, како и нивните надлежности. Во трудот се користи терминот „систем за намалување ризици од катастрофи“, притоа, подразбирајќи два потсистема: систем за управување со кризи и систем за заштита и спасување, кои се резултат на највисоките државни стратешки документи и усвоената законска рамка.

Намалувањето на ризиците од катастрофи подразбира севкупен координиран, мултисекторски пристап, интердисциплинарен по својата природа, вклучувајќи ги сите општествени субјекти (од граѓаните до најсложените општествени организации). Претпоставката за постигнување на оваа цел подразбира остварување на состојба која би била најблиску до посакуваната во однос на процесот на „управување со ризиците“. Од друга страна, општествениот начин на живот во современиот свет подразбира секојдневна промена на начинот на живот и особено зголемување на таканаречените „произведени ризици“, кои во основа се ризици кои се создаваат од начинот на живеење на луѓето. За да се остварат во полн капацитет наведените цели, Република Северна Македонија пред себе има многу задачи и предизвици. Имено, управувањето со ризиците треба севкупно

да придонесе кон зголемување на отпорноста на општеството, што во наједноставна смисла на зборот треба да обезбеди максимална предвидливост на ризиците и заканите, нивно спречување или справување на начин кој ќе предизвика најмалку последици обезбедувајќи нормален и вообичаен начин на живот на граѓаните.

**Клучни зборови:** ризици, опасности, катастрофи, платформа, систем

## ВОВЕД

Во историска смисла не постоеле општества кои директно или индиректно не се соочувале со природните непогоди, односно катастрофи. Како сериозна закана на својот опстанок, природните непогоди долго време се доживувани и како „Божја порака“ која била упатувана кон луѓето поради различни причини. На пример, со ширењето на христијанството пред околу 2000 години, се верувало дека природните непогоди се специјални пораки упатени директно од Бог со цел казнување на грешниците (Иванов & Цветковиќ, 2016, стр. 6). Може да се каже дека и сите други религиозни убедувања веруваат во пораките кои им ги испраќал Бог преку природните несреќи и непогоди. Таа перспектива на гледање на нештата сугерирала, сосем погрешно, се разбира, дека луѓето немаат улога во создавањето или справувањето со последиците од природните непогоди (Zhang, Okada & Tatano, 2006:24).

Намалувањето на ризици од катастрофи еволуирало со текот на времето. Во 60-тите и 70-тите години на XX век, катастрофите се сметале за екстремни настани, а во 80-тите години на XX век се утврдила меѓузависноста помеѓу подготвеноста пред да се случи настанот, што во крајна линија резултирало со Меѓународната декада за намалување на ризици од природни катастрофи (1990-1999).

Глобалните активности кои создаваат платформи, програми и активности за намалување на ризици од катастрофи може да се следат и со меѓувладини активности, сè до конференцијата од Јокохама и „Планот од Јокохама за побезбеден свет“, што можеби беше првиот официјален документ усвоен од ООН, а во кој силно се нагласува улогата на заедниците и невладините организации во намалувањето на ризиците од катастрофи (Shaw & Izumi, 2014, p. 2). Понатаму, се продолжува со воспоставување на рамките од Кобе и Хјого (2005) и Сендаи (2015). Во оваа смисла треба да се забележи дека јапонското општество соочено со едни од најголемите катастрофи во XX и XXI - век предизвикани како од природата, но, исто така, и од човекот,

недвосмислено се промовира како глобално одговорно општество кое преку сопствениот пример на степенот на свесност, организираност и во крајна линија отпорност, презема доктринарна, несебична и недвосмислена волја за организирање на глобални активности, а со цел светот да го подготви да управува со ризиците. Од друга страна, паралелните глобални активности поврзани со климатските промени, одржливиот развој и намалувањето на ризиците од катастрофи, конечно, и програмски се обединија со рамката од Сендаи од 2015 година, бидејќи овие процеси по својата природа, ранливост и последици се неделиви и крајно меѓусебно испреплетени.

Во 2009 година, тогаш Република Македонија заедно со уште неколку држави од Европа беше основач на регионалниот форум за намалување ризици од катастрофи кога за првпат се подготви и првата Национална платформа за намалување ризици од катастрофи (Лазаревски, Ѓоргон, & Талески, 2022). Освен ова, треба да се истакне дека проактивниот пристап на „управување со ризици", исто така, освен доктринарна промена, создаде услови за комплетна системска промена кон создавање отпорни општества способни да предвидат дел од ризиците и со нив да се справат, или, пак, доколку не можат да ги предвидат, да се справат со последиците во најбрз рок враќајќи се најблизу до точката на „првобитна состојба".

Системот за управување со кризи и системот за заштита и спасување кои се доктринарно поставени со Националната концепција за безбедност и одбрана пред 20 години (во 2003 година) и кои претставуваат основа за системот за намалување ризици од катастрофи веќе се надминати и систематски и континуирано покажуваат слабости кога истите треба да функционираат во практика во изминатите 15 години. Затоа треба да се размислува за можните решенија за нивната функционалност, истите во целост за да бидат во состојба да ги остварат задачите за кои постојат и за кои се формирани.

## ПРИРОДНИ ОПАСНОСТИ, ПРИРОДНИ КАТАСТРОФИ И РИЗИЦИ: ПОИМНО ДЕФИНИРАЊЕ И СТРАТЕШКА РАМКА ЗА НИВНО НАМАЛУВАЊЕ

Историскиот развој, во смисла на дефинирањето на природните катастрофи може да се согледа низ три периоди (Lindell, Tierney, & Perry, 2001:97): ***класичен период***, во кој доаѓа до развој на теоријата за непогодите од крајот на Втората светска војна и објавувањето на дефиницијата на Фриц за природните непогоди од 1961 година;

***периодот на традиција на опасноста и катастрофите***, а која произлегла од заедничката перспектива за опасноста во научните трудови на географите и геофизичарите; и ***период на традиција на оригинални студии*** во врска со природните катастрофи во рамки на кои тие се набљудуваат како социјални феномени.

Па така, можеме да кажеме дека до природни катастрофи доаѓа како резултат на влијанието на *природните опасности* на животите на луѓето, имотот, инфраструктурата и природните ресурси. Една од значајните дефиниции за природните опасности, која прави јасна разлика меѓу природните опасности и природните катастрофи, ја дава Александар (Bimal, 2012:42; Alexander, 2000:4): „*Природната опасност е екстремен геофизички настан кој е способен (е моќен, е во можност) да предизвика катастрофа“*. Зборот „екстремен“ овде се користи за да предочи некои суштински отстапувања (во позитивен или во негативен правец) од просекот, односно од стремежот. Притоа, Александар не дава детален опис на разликите меѓу овие два термина во дефинирањето, туку тој предлага и укажува на тоа дека опасноста може да стане катастрофа и на тој начин може да стане настан (несреќа) кој потекнува од самата опасност. Се разбира, секоја катастрофа започнува со опасност и непогода (Thywissen, 2006). Меѓутоа, според дефиницијата на Александар, се игнорира дефиницијата за тоа дека човечките активности често имаат главна улога во предизвикувањето и/или влошувањето на последиците од настанот. Опасности претставуваат случувања на потенцијално екстремни природни непогоди, или можност да предизвикаат (произведат) штетни последици, додека катастрофите се случуваат како резултат на постојни (вистински и актуелни) опасни настани (Tobin & Montz, 1997:84). Имено, откако настанот ќе се случи, можеме да го наречеме природна непогода, а потоа и природна катастрофа, доколку ги исполни соодветните карактеристики. Притоа, опасноста претставува закана, а не и реален (вистински) и сегашен настан. Една од првите дефиниции за природните опасности, која е дадена од Бартон и Кејт (Burton & Kates, 1964), го застапува ставот дека тоа се „*елементи на стварно (физичко) опкружување кои се штетни за луѓето, кои се настанати и кои не зависат од луѓето*“. Такви настани се случуваат и се создаваат во природното опкружување и не се предизвикани од луѓето, но тие создаваат последици по животот на луѓето. Според тоа, дефиницијата на Барт и Кејт е точна во смисла на тоа дека опасностите се штетни по луѓето, но погрешна е во признавањето, односно во препознавањето на улогите на луѓето по повод предизвикување или зголемување на влијанието поврзано со опасностите. На пример, поплавите можат да настанат по одредена метеоролошка состојба или активности на

човекот како што се сечење на шумите, интензивно искористување на земјата, или пукање на брана. Според Катер (Cutter, 1993:32): *„Опасностите се закани по луѓето и материјалните вредности (како што се нивните домови, останатиот имот и животната средина).* Оливер (Hoffman & Smith, 2002:31) дава слична дефиниција: *„Опасност е закана насочена кон луѓето, а доаѓа како резултат на природното опкружување“.* Во најширока смисла, опасноста претставува потенцијална закана за луѓето и нивната благосостојба. Според Чапман (Oliver, 1999:12): *„Природната опасност би требало да биде дефинирана како меѓусебно влијание (интеракција) на човековата заедница со одредено ниво на загрозеност и екстремен природен настан, кој може да има геофизичко, атмосферско или биолошко потекло, предизвикувајќи големи човечки незгоди со значителна материјална штета и/или загуба на животи или заарази“.* Според Обединетите нации опасност претставува: *Можен настан кој има загрозувачки карактер, невообичаена појава или човечка активност која може да предизвика загуба на животи или повреди, оштетување на имот, општествени и економски потреси или деградација на животната средина“* (Briceño, 2004:23). Наведената дефиниција директно ја потврдува (ја признава) улогата на луѓето и предизвикувањето/влошувањето на опасноста. Исто така, таа прави разлика меѓу опасност и непогода, со самиот опфатен збор „*можно*“ и ги вклучува сите потенцијално исполнети (манифестирани) опасности.

Најчесто, природните и технолошките опасности во комбинација се тие кои ги создаваат опасностите за заедниците и општествата. Ова беше драматично манифестирано со несреќата во Фукушима која се случи како резултат на разорното цунами предизвикано од големиот источен јапонски земјотрес на 11 март 2011 година (Uitto I & Shap, 2016, p. 2). Несомнено, активностите на човекот кои ја деградираат животната средина ги влошуваат ризиците од природни непогоди зголемувајќи ги можностите за случување на катастрофи. Таков пример е широко распространетото отстранување на мангрови дрвја на бреговите на Југоисточна Азија за да се отвори место за аквакултурата. Во случајот со цунамито во Индискиот Океан на 26 декември 2006 година, јасно беше докажано дека моќта на приливниот бран е поразорна во областите каде што се отстранети заштитните мангрови дрвја (Uitto I & Shap, 2016, p. 2).

Според Законот за заштита и спасување на Република Северна Македонија под опасност се подразбира *појава која ќе предизвика штета, ќе го уништи и/или загрози животот и здравјето на луѓето и имотот, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет, културното наследство и*

*животната средина*. Според Уредбата за методологија за изработка на проценатa на загрозеност се работи за *природен феномен, човечка активност, техничко-технолошка хаварија или друг вид појава која може да предизвика: загуба на живот, повреди или други влијанија врз здравјето, имотна штета, загуба на средствата за егзистенција и услуги, општествено и економско нарушување, како и штета врз животната средина*. Според UNISDR Terminology on Disaster Risk Reduction, се работи за *опасен феномен, супстанца, човечка активност или услов што може да предизвика загуба на живот, повреда или други влијанија врз здравјето, имотната штета, загубата на средствата за егзистенција и услуги, општественото и економско нарушување или штетата врз животната средина* (Nations, 2009).

Во Република Северна Македонија постојат ризици од природни непогоди, кои не се исто изразени. На пример, извесни се високите ризици од природни непогоди предизвикани од шумски пожари во летниот период, како и ризикот од поплави во пролетниот, односно есенскиот период. Но и овие ризици геопросторно и временски не се идентично изразени, дури на територија како што е македонската држава, која е релативно мала по површина.

Нераскинливата поврзаност помеѓу климатските промени, одржливиот развој и намалувањето на ризици од катастрофи постои. Сите овие глобални процеси, кои регионално различно се изразени, дополнително се диференцираат на локално ниво.

Природните опасности/ризици по животната средина (сѐ она што нѐ опкружува, целиот жив и нежив свет) постоеле и ќе постојат. Во нашата држава тие се релативно стабилни, познати и дефинирани. Па така, ризици од природни непогоди кои може да предизвикаат катастрофални последици се земјотресите, поплавите, поројните и урбани поплави, пожари, суши, екстремни температури на воздухот, наноси на снег, ветрови и загадување на воздухот.

Несреќи и катастрофи кои се резултат на директното човечко влијание на општествените процеси се: индустриските несреќи, јонизирачкото зрачење, радиоактивниот отпад, последиците предизвикани од мигрантските кризи, дејствувањето во услови на епидемии и терористичките напади.

Она што е заедничко за овие ризици е дека човекот располага со знаење, материјали и средства од друг карактер со кои може да ги ублажи последиците од овие закани, да ги управува ризиците создавајќи отпорни заедници, а во целина отпорни општества и отпорни региони. Се разбира дека човекот не е семоќен, односно неговите активности имаат ограничен опсег во однос на моќта на природата. Во оваа смисла од една страна се мисли на катаклизмични

настани кои би имале „димензии од библиски карактер“, од една страна, но и употреба на оружје за масовно уништување како реален потенцијал, од друга страна.

Кога се зборува за намалување ризици од катастрофи, се зборува за глобален и систематски пристап при што критично значење имаат следните меѓународни собири:

- Првата меѓународна конференција за намалување ризици од катастрофи во Хјого од 1994 година, од која произлегува Меѓународната стратегија за намалување ризици од катастрофи;
- Втората меѓународна конференција од Хјого, од која произлезе Глобалната платформа за намалување ризици од катастрофи од 2006 година
- Третата светска конференција за намалување ризици од катастрофи од Сендаи, 2015 година, од која произлезе рамката од Сендаи за намалување ризици од катастрофи.

Глобалниот форум во Мексико од 2017 година, ги потврди меѓузависноста и поврзаноста помеѓу: 1. намалувањето ризици од катастрофи; 2. остварувањето на целите за одржлив развој; 3. Парискиот договор за климатски промени; 4. новата урбана агенда.

Глобалниот форум за намалување ризици од катастрофи од 2019 година, констатираше дека меѓународниот систем за создавање отпорни општества подразбира многу активности кои се меѓусебно поврзани и меѓузависни, вклучително и јакнење на свеста на државите за инвестиции од јавните финансии, но, исто така, и развивање на свеста кај приватните инвеститори. Поврзаноста на климатските промени и ризиците од случување на катастрофи подразбира: интегрирани национални политики, стратегии и планирање; развивање на финансиски и социјални инструменти; како и ургентна потреба за адресирање на климатските промени и нивните последици.

Националните платформи за намалување ризици од катастрофи претставуваат резултат на имплементација на претходно наведената Глобална рамка од Хјого. Имено, се работи за глобален стратешки план за акција кој е донесен со поддршка на 168 држави. Исто така, постои потполна усогласеност со Милениумските развојни цели (Millenium Development Goals) утврдени на самитот во Јоханесбург во 2002 година, со што дополнително се потврдува нераздвојната врска меѓу ризиците и одржливиот развој кои во голем дел ја имаат истата основа – заштитата на животната средина.

# ПЛАТФОРМА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА НАМАЛУВАЊЕ РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ: СОСТОЈБА И ПРЕДИЗВИЦИ

Со воспоставувањето на Националната платформа за намалување ризици од катастрофи (Лазаревски, Ѓоргон, & Талески, 2022), Република Северна Македонија практично ја операционализира претпоставката за примена на членовите 1 и 2 од Законот за управување со кризи, што, всушност, е остварување на целта на Законот. Условно кажано, хиерархиски овој глобален процес на зајакнување на капацитетите во контекст на намалување на ризиците е поделен на 4 нивоа и тоа:

***Графички приказ. Организација за намалување ризици од катастрофи***




Националната платформа за намалување на ризици од кастрофи има четири изданија, од која последна е онаа усвоена од Владата на Република Северна Македонија од 2019 година. Се разбира, оваа платформа се заснова на приоритетите утврдени во Сендаи и тоа: превенција, рано предупредување, управување со ризици и враќање во поранешна состојба (закрепнување).

Националната платформа за намалување ризици од катастрофи е сублимат на приоритетите, очекувањата и обврските кои се во функција на изградба на ефективен и ефикасен систем за заштита и спасување.

Таа се заснова на обврски кои произлегуваат од Уставот на Република Северна Македонија, Националната концепција за безбедност и одбрана, Националната стратегија за заштита и спасување, Законот за управување со кризи, Законот за заштита и спасување, Законот за полиција, Законот за одбрана, Методологијата за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирањето на заштитата и спасувањето и други анализи, процени, научни трудови итн. Во законите се дефинирани и конкретни обврски на државните институции, јавните претпријатија, компаниите, граѓаните и другите субјекти на системот за кризи, посебно на претседателот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за здравство, Армијата на Република Северна Македонија и другите субјекти на системот за кризи. Како што беше посочено, приоритетите се црпат и од меѓународните стратегии и рамки усвоени од ООН како што се: Рамката за акција од Хјого и Рамката за акција од Сендаи. Во платформата, глобалниот и регионалниот контекст е природно доразвиен на национално, а сè повеќе се фокусира и на локално ниво. Основна цел на овој стратешки документ претставува намалување на загубите на човечки животи, уништувањето на добра и општествената и економската штета предизвикана од природните катастрофи, како што се земјотресите, силните ветрови, поплавите, одроните на земјиште, шумските пожари, наездата на штетници, сушите и други природни непогоди.

Националната платформа за намалување на ризиците од катастрофи е документ кој на системски начин ги поттикнува и обврзува субјектите на системот за управување со кризи, заштита и спасување, да дејствуваат на многу поорганизиран и ефективен начин за рано предупредување, превенција, намалување и санирање на последиците од можни катастрофи. Системите за управување со кризи и за заштита и спасување покрај нивните носители, Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување, ги сочинуваат и голем број на други општествени субјекти и тоа: Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Управата за хидрометеоролошки работи, Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, Министерството за здравство, територијалните противпожарни единици, општините и градот Скопје, медиумите, граѓанскиот сектор, Црвениот крст на Република Северна Македонија, јавните претпријатија и компании и граѓаните. Наведувајќи ги сите сегменти од овие системи, практично произлегува

дека сите граѓани и општествени субјекти претставуваат составен дел. Оттука, непосредно, може да се заклучи важноста на овие системи за справување со состојби кои излегуваат од рамките на вообичаеното/нормално општествено живеење.

***Табела. Централни институции вклучени во имплементација на Националната платформа за намалување на ризиците од катастрофи***

| Самостојни органи | Органи во состав |
|---|---|
| Министерство за внатрешни работи | Биро за јавна безбедност |
| Министерство за надворешни работи | |
| Министерство за одбрана | |
| Армија на Република Северна Македонија | |
| Министерство за правда | Управа за извршување на санкции |
| Министерство за финансии | Царинска управа<br>Агенција за стокови резерви |
| Министерство за здравство | Агенција за храна и ветеринарство<br>Биро за лекови |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | Управа за хидрометеоролошки работи<br>Управа за ветеринарство<br>Управа за водостопанство<br>Фитосанитарна управа |
| Министерство за животна средина и просторно планирање | |
| Министерство за транспорт и врски | Управа за цивилна и воздушна пловидба<br>Капетанија |
| Министерство за култура | Управа за заштита на културното наследство |
| Министерство за економија | |
| Министерство за труд и социјална политика | |
| Министерство за образование и наука | Биро за развој на образованието |
| Министерство за информатичко општество и администрација | |
| Министерство за локална самоуправа | |

| |
|---|
| Национален координативен центар за гранично управување |
| Центар за управување со кризи |
| Дирекција за заштита и спасување |
| Дирекција за радијациска сигурност |
| Агенција за катастар на недвижности |
| Агенција за стандардизација |
| Агенција за млади и спорт |

Значајно е да се забележи дека и во рамки на утврдените и зацртани основни цели на првото и второто издание на Националната платформа истата треба да овозможи: заедниците да станат поотпорни кон ефектите од природните и од технолошките несреќи и од несреќите поврзани со животната средина, со што се намалува ризикот по социјалните и економските ранливости во современите општества; да направат премин од заштитата од несреќи кон управување со ризици, со интегрирање на стратегии за превенција на ризици во активности за одржлив развој. Таа го рефлектира значајниот концепциски премин од традиционалниот пристап, во кој примат има одговорност на катастрофи, кон пристап што подразбира нивно намалување. Притоа, се препозна дека природните несреќи, сами по себе не водат кон катастрофи, туку дека катастрофите се резултат од влијанието на природните несреќи врз ранливите општествени системи. Со други зборови, катастрофите може да се превенираат преку свесна човекова акција насочена кон намалување на активноста (Лазаревски, Ѓоргон, & Талески, 2022, стр. 16).

Овој доктринарен пристап продолжи да се развива со адаптирање на Националната платформа на меѓународните стратегиски документи од кои истата ја наоѓа и причината за нејзино создавање. Во таа смисла Националната платформа се адаптира и обликува во согласност со утврдените приоритети од усвоената рамка од Сендаи од 2015 до 2030 година и тоа: 1) разбирање на ризиците од катастрофи; 2) зајакнување на управувањето со ризиците од катастрофи; 3) инвестирање во намалување на ризиците од катастрофи и градење на отпорност; 4) подобрување на подготвеноста за катастрофи и ефективен одговор во обновување, рехабилитација и реконструкција. Преку Националниот координатор за намалување на ризици од катастрофи, кој е именуван функционер од Владата, Република Северна Македонија е вклучена и во работата на Европскиот форум, кој е регионален форум

за намалување на ризици од катастрофи и кој надоврзувајќи се на глобалната рамка развива и сопствени иницијативи.

Комплементарна поврзаност со намалувањето ризици претставува и членството на Република Северна Македонија во НАТО со што државата добива пристап и до Евроатлантскиот координативен центар за одговор при катастрофи (EADRCC), кој е главниот цивилен механизам за одговор на НАТО во евроатлантската област. Тој е активен во текот на целата година и оперативен 24/7. Центарот функционира како систем за координирање на барањата за помош од државите членки и одговор од структурите на НАТО за помош, главно, во случај на природни и вештачки креирани катастрофи (Македонија, 2019, стр. 7).

Освен НАТО, релевантна за Република Северна Македонија претставува и соработката со Европската Унија. Во оваа смисла освен соработката со Европската комисија, од особено значење претставува членството на Северна Македонија во Механизмот за заштита на Европската Унија, како 32 држава членка од 10.2.2012 година. Механизмот за цивилна заштита на Европската Унија постои од 2001 година, и од тогаш значително ја олеснува соработката помеѓу државите членки при одговор на катастрофи помеѓу 32 европски држави (27-те земји – членки на Европската Унија, како и Обединетото Кралство, Северна Македонија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка).

Националните системи за управување со ризици и заштита и спасување се двата система кои комплементарно треба да го реализираат процесот на намалување ризици од катастрофи. Моментално, со Националната платформа за намалување ризици од катастрофи координира национален координатор именуван од Владата на Република Северна Македонија. Од моментот на операционализирање на двата система се поминати речиси две децении, во период во кој и двата система беа „предизвикани“ во однос на својата функционалност во повеќе наврати од кои може да се издвојат: масовните појави на шумски пожари во неколку наврати; мигрантската криза; речните и урбаните поплави; кризите предизвикани од епидемии и глобалната пандемија од КОВИД; топлотни бранови во последните неколку години; моменталната енергетска криза и други природни и од човек предизвикани настани. Преку справувањето со овие кризи, и двата система покажаа одредени слабости, кои влијаеја на нивната ефикасност, ефективност и полна оперативност. Па така, и во практиката се покажа дека не се спроведувале мерки и активности за ублажување на претходно предвидените ризици, а за оние нови ризици и закани кои се појавуваат тековно, системите многу бавно реагираат. Понатаму, се покажа дека не постои доволна и јасно воспоставена

координација меѓу институциите вклучени на терен, за полесно и побрзо извршување на задачите. Недоволните материјално-технички ресурси за работа, и недоволната експертиза за да се одговори на ризиците и заканите влијае на задавањето брз и ефективен одговор на терен и враќање на ситуацијата до првобитната состојба, или блиску до неа, доколку е возможно.

Од стратешки аспект, потребно е зајакнување и доследно имплементирање на приоритетите утврдени со рамката од Сендаи:

- Разбирање на ризиците во сите димензии на ранливост, капацитет, изложеност, карактеристики на опасност и животната средина;
- Зајакнување на управувањето со ризици: управувањето со ризици мора да се спроведува на сите нивоа почнувајќи од локално, регионално и глобално ниво бидејќи како општества меѓусебно зависими едни од други;
- Инвестирање во намалување на ризиците и градење отпорност: зајакнување на економската, социјалната, здравствената и културната издржливост на лицата, заедниците и животната средина во целина;
- Подобрување на подготвеноста и зајакнување на ефективниот одговор во обновување, рехабилитација и реконструкција: деструктивните настани имаат капацитет значително или во целост да го нарушат животот, па оттука подготвеноста за одговор и реконструкција е критична за да се обнови претходната состојба, доколку е можно.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Во меѓународен контекст од исклучително значење има активната вклученост на државата во Европскиот форум за намалување ризици од катастрофи (регионална платформа) и Евроатлантскиот координативен центар за одговор при катастрофи (EADRCC), кој е цивилен механизам за одговор на НАТО, и, секако, членството во Европскиот механизам за цивилна заштита на Европската Унија.

Основни цели на системот за намалување ризици од катастрофи и потсистемите кои функционираат се: превенција (идентификација на опасноста и процена на ранливоста); рано предупредување (интегриран систем за управување со води, навремено откривање на пожари, детектирање на загадувачи на воздухот, регулирање на речни корита, расчистување на каналска мрежа, целосно имплементирање на 112);

одговор за време на кризи (информирање, заштита, ограничување на импакт, заштита на здравјето, животната средина, имотот, обезбедување на храна, вода и лекови, зајакнување на капацитетот за самопомош и самозаштита) и санирање на последиците од кризи (закрепнување, обнова - рехабилитација).

Во процените на експерти на Европската комисија дадени се заклучоци дека сите субјекти имаат обврска за имплементација на препораките, каде во основа се предлага реформа на системот за кризи, заштита и спасување, обезбедување на функционално единство, ефикасност и ефективност на системот во управувањето, заштитата и спасувањето во услови на криза (Република Северна Македонија, 2022).

Владата на Република Северна Македонија изминатите 10. години има усвоено повеќе заклучоци со кои се утврдува потребата од редефинирање на Системот за управување со кризи и на Системот за заштита и спасување, како главни потсистеми на Системот за намалување на ризици од катастрофи. Ова е усвоено и во Четвртата национална платформа за намалување ризици од катастрофи во 2019. година (Република Северна Македонија, 2022, стр. 27).

Основна препорака која се провлекува како од меѓународните анализи, така и од домашните познавачи на состојбите, носители на политики и експерти е дека е потребно да се дефинира единствен систем за командување при случување на опасен настан, кој може да предизвика катастрофа. Ова е предизвик за општеството и институциите бидејќи по својата природа и содржина се работи за различни ризици и опасности, за кои се надлежни различни органи со поединечна експертиза. Оваа состојба е особено предизвик при редовна состојба (кога не е прогласено вонредна, воена или кризна состојба), кога може да се случи опасен настан од различна природа и со различен степен на загрозување на интересите, здравјето, добрата и вообичаениот живот на луѓето.

## Користена литература

Alexander, D. (2000). Scenario methodology for teaching principles of emergency management. *Disaster Prevention and Management*, *9*(2), 89-97.

Bimal, K.(2012). Environmental Hazards and Disasters Contexts, Perspectives and Management New Delhi, India.

Briceño, S. (2004). Building disaster- resilient communities: The road to the second World Conference on Disaster Reduction, January 2005, Kobe, Hyogo, Japan. In *Natural Resources Forum* (Vol. 28, No. 3, pp. 234-236). Blackwell Publishing Ltd.

Burton, I., & Kates, R. W. (1964). The floodplain and the seashore: a comparative analysis of hazard-zone occupance. *Geographical review,* 366-385.
Cutter, S. L. (1993). *Living with risk: the geography of technological hazards* (p. 214). London: Edward Arnold.
Nations, U. (2009). *UNISDR Terminology on Disaster Risk Reduction.* Geneva: UNITED NATIONS.
Shaw, R., & Izumi, T. (2014). Civil Society and Disaster Risk Reduction: An Asian Overview. In R. Shaw, & T. Izumi, *Civil Society Organization and Disaster Risk Reduction The Asian Dilemma* (pp. 1-14). Tokyo; Heidelberg; New York; Dordrecht; London: Springer.
Uitto I, J., & Shap, R. (2016). *Sustainable Development and Disaster Risk Reduction.* Tokyo Heidelberg New York Dordrecht London: Springer.
Hoffman, S., & Smith, A. O. (2002). The anthropology of Disaster. in: School of American Research Advanced Seminar Series.
Lindell, M. K., Tierney, K. J., & Perry, R. W. (2001). Facing the Unexpected: Disaster Preparedness and Response in the United States. Joseph Henry Press.
Oliver-Smith, A. (1999). What is a disaster? Anthropological perspectives on a persistent question. The angry earth: Disaster in anthropological perspective, 18-34.
Thywissen, K. (2006). Core terminology of disaster reduction. Measuring vulnerability to natural hazards: Towards disaster resilient societies, United Nations University Press, Hong Kong.
Tobin, G. A., & Montz, B. E. (1997). The impacts of a second catastrophic flood on property values in Linda and Olivehurst, California. Natural Hazards Research and Applications Center, University of Colorado, Boulder (http://www. colorado. ecu/hazards).
Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16, Одлука на Уставен суд бр. 178/08 објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/09).
Закон за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16, 83/18, 215/21).
Иванов, А., & Цветковиќ, В. (2016). *Природни катастрофи (геопросторна и временска дистрибуција).* Скопје: Факултет за безбедност - Скопје.
Лазаревски, П., Ѓоргон, Н., & Талески, М. (2022, December 15). Retrieved from www.researchgate.net: https://www.researchgate.net/profile/Nikola_Gjorgon/publication/343819898_Nacionalna_platforma_na_Republika_Makedonija_za_namaluvane_na_rizici_od_nesreki_i_od_katastrofi_National_Platform_of_the_Republic_of_Macedonia_for_Disaster_Risk_Reduction_Vtoro_dopo
Македонија, В. н. (2019, January 15). *www.ncdrr.gov.mk.* Retrieved from https://view.officeapps.live.com/op/view.aspx?src=https%3A%2F%2Fwww.ncdrr.gov.mk%2Fsites%2Fdefault%2Ffiles%2Fdokumenti%2FNacionalna_platforma_2019.docx&wdOrigin=BROWSELINK

Република Северна Македонија, В. (2022, May 31). *www.ncdrr.gov.mk.* Retrieved from https://www.ncdrr.gov.mk/: https://www.ncdrr.gov.mk/?q=node/625

**UDK 623.454.367:004.9**

# ПРИМЕНА НА СОВРЕМЕНИ КОМПЈУТЕРСКИ АЛАТКИ ПРИ ДЕТЕКТИРАЊЕ ИМПРОВИЗИРАНИ ЕКСПЛОЗИВНИ НАПРАВИ

**професор д-р Марина Малиш-Саздовска**
Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет „Свети Климент Охридски“ - Битола
*mmsazdovska@gmail.com*

**професор д-р Александар Иванов**
Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет „Свети Климент Охридски“ - Битола
*akademec@gmail.com; aleksandar.ivanov@uklo.edu.mk*

**д-р Кире Бабаноски**
*kbabanoski@gmail.com*

**Апстракт:**

Целта на овој труд е да прикаже како функционираат операциите за детектирање, идентификување, деактивирање, уништување и отстранување на импровизирани експлозивни направи од страна на надлежните државни субјекти во согласност со воспоставените национални протоколи. Притоа, дадена е споредба и поврзаност со неексплодираните убојни средства и опис на опасноста од нив по лицата кои се вклучени во операциите за нивно справување, но и пошироката околина. Во таа насока се објаснуваат и предизвиците и ограничувањата кои влијаат на ефективноста и ефикасноста на севкупните операции за справување со ваквите закани кои се преземаат од надлежните тимови. За таа цел, во трудот се прикажани и можностите кои ги нуди модерната информатичко-комуникациска технологија, заедно со предностите кои ги имаат за собирање докази за идентификација на неексплодирани убојни средства и импровизирани експлозивни направи. Притоа, се презентираат и постигнувањата од ВЕКТОР проектот – развивањето на алатката за виртуелно собирање докази за идентификација и онеспособување неексплодирани убојни средства, во која МВР беше партнер, односно краен корисник.

**Клучни зборови:** импровизирани експлозивни направи, неексплодирани убојни средства, компјутерска алатка, идентификација

## ВОВЕД

Безбедносните органи и другите служби што реагираат при итни случаи се соочуваат со огромни ризици во нивната линиска работа при справување со експлозивни направи и тешкотии во обезбедувањето и транспортот на доказите за анализа. Во практиката, операциите за отстранување на пронајдените експлозивни направи вклучуваат откривање, идентификување, процена, безбедно транспортирање, уништување и отстранување на експлозивни или други опасни уреди и/или направи. Клучен предизвик со кој се соочуваат безбедносните органи е прецизно идентификување на конкретниот предмет, односно направа, процена и класифицирање на нивото на ризик и добивање совети за постапување како да се дејствува врз основа на посебните спецификации на направата и контекстот во кој се наоѓа заканата. Овие задачи ја сочинуваат првата и најкритична фаза на реагирањето на безбедносните органи пред отстранувањето, уништувањето или разоружувањето на самиот експлозив, бидејќи додека не се утврдат видот и состојбата на заканата, не може да се воспостават точни протоколи за да се спротивстават на тоа. На пример, експлозивните средства и направи во одредени ситуации не можат да бидат уништени на локацијата, заради ризиците од контаминација на животната средина, потоа, како резултат на потенцијалните опасни материјали, како што е осиромашениот ураниум што се наоѓа во муницијата за цистерни и оклопни возила или други хемиски, биолошки или запаливи опасности. Прашањето стана уште покомплексно со терористичките и бунтовните закани. Широката употреба на импровизираните експлозивни направи од страна на овие субјекти го отежнува разоружувањето или отстранувањето на експлозивни и други направи. Припадниците на безбедносните органи, кои постапуваат со ваквите средства, може да имаат тешкотии да знаат кои протоколи за безбедност и отстранување треба да ги применат, бидејќи стандардните идентификатори на фабрички произведените муниции, рачно изработените експлозивни средства и составот на експлозивните направи може да варираат од случај до случај. Едноставно, импровизацијата на експлозивна направа ја прави страндардната оперативна процедура неприменлива.

Министерството за внатрешни работи – Бирото за јавна безбедност е директно надлежно за откривање, документирање и докажување инциденти со експлозивни направи. Во рамките на процедурите кои се преземаат при идентификувањето, класификацијата

и процената на експлозивни направи, а особено на импровизираните експлозивни направи, постојат бројни предизвици. Дополнително на ова, квалитетот и брзината на операциите за одговор при итни случаи поврзани со импровизирани експлозивни направи, е од клучна важност за елиминирање и/или минимизирање на последиците кои може да настанат.

Иако се направени голем број на модерни достигнувања во техниките за отстранување на експлозивни направи, како што се далечински управуваните возила без екипаж за отстранување на бомби, реалноста е дека експертите и опремата не се секогаш достапни за справување со овие ситуации. Во поголемиот дел од случаите, заканите кои потекнуваат од неексплодираните убојни средства и импровизираните експлозивни направи се откриваат и кон нив се реагира, најпрво, од лица кои немаат експертиза за операции со експлозивни направи. Идентификувањето и процената на заканата мора да почекаат додека специјализираните единици не пристигнат на местото на настанот и да ја утврдат природата и нивото на закана и да ги спроведат следните чекори, одложувајќи ја реакцијата на службениците под чувствителни и опасни/ризични околности. Сепак, дури и кога екипите за отстранување на експлозивни средства пристигнуваат на местото на настанот, постојат повеќе предизвици, поради широкиот спектар на потенцијални уреди и муниција кои не се секогаш лесно препознатливи. Поради тоа постои потреба за блиска координација на повеќе служби за ефикасно откривање, идентификација и отстранување на сомнителните или познатите закани и обезбедување на околината, што подразбира безбедносна комуникација и споделување информации помеѓу тимовите на терен, но и надвор од локацијата. Оваа размена на информации е критична, и особено значајна и потребна. Сите овие прашања имаат предизвикувачки терenski импликации што можат да влијаат на безбедноста на оние што реагираат при вакви итни случаи и, секако, граѓаните кои живеат или се движат во непосредната околина.

Денес, сите овие предизвици и опасности се реални, па дури и за поразвиените држави.

## НЕЕКСПЛОДИРАНИ УБОЈНИ СРЕДСТВА И ИМПРОВИЗИРАНИ ЕКСПЛОЗИВНИ НАПРАВИ

Неексплодираните убојни средства (НУС) (Enke, 2015:19-21) се експлозивна муниција што била испукана, фрлена или лансирана, но не

успеала да се активира според планираното. НУС вклучуваат артилериски и тенковски гранати, минофрлачки гранати, фитили, проектили и големи и мали бомби, вклучувајќи касетна муниција, подмуниција и ракети. Неексплодираните убојни средства обично се наоѓаат во области каде што се воделе борби или на воени полигони, но може да се откријат и внатре и надвор од зградите. Тие можат да бидат закопани под земја или скриени под урнатините или под срушените ѕидови. Неексплодираните убојни средства дури може да се најдат сместени и на дрвја или обесени на гранки, огради, како и сувенир во домовите.

За сериозноста на можните последици од мини (само еден дел од НУС) ќе наведеме некои податоци од извештај на Меѓународниот комитет на Црвениот крст: Во 1996 година, од неексплодираните убојни средства се повредени 544 лица ... 23 % од жртвите биле деца... во периодот помеѓу јануари и септември 1997 година се повредени 217 лица... од кои 19 % се деца... Соодносот на повредени деца за време на војна е помал (околу 10 %). Од 80 до 90 % од сите жртви на мини (во Босна и Херцеговина) се мажи, главно, ангажирани како работници за време на инцидентите. Од јануари 1996 година, бројот на повредени кои се внатрешно раселени лица или повратници се зголемува (за околу 40 %). Во воени услови околу 20 % од жртвите на мини се раселени лица или бегалци (McGrath, 2000:42).

Импровизираната експлозивна направа (ИЕН) (Enke, 2015:33) е рачно поставена експлозивна направа, вообичаено, домашно изработена и приспособена на некој начин да убива, да повреди, да оштетува имот или да создава терор. Често пати НУС или напуштената муниција се модифицираат за да се конструираат импровизирани експлозивни направи, кои потоа може случајно да бидат детонирани од жртвата, со далечински средства (радиоконтролирани, командна жица итн.) или како самоубиствен напад.

Идентификацијата, класификацијата и процената на експлозивни направи како што се неексплодираните убојни средства и импровизираните експлозивни направи се од витално значење за операциите за отстранување и детонирање, за службите за спроведување на законот и за операциите за одговор при итни случаи. Тие, исто така, се и од критично значење за стратешките интереси и тактичките операции на НАТО и неговите партнери. Како и да е, постои јаз помеѓу брзината и ефективноста на реакцијата што ја даваат службениците кои први доаѓаат на местото на настанот и треба да реагираат спрема заканите по добиени совети/насоки за дејствување. Вообичаено, тоа подразбира специјализирани експерти да одат на локацијата за да ги имплементираат потребните протоколи за

безбедност, имено, во насока на отстранување и уништување под услови со висок ризик и под притисок на временска реакција. Преместувањето на физичките докази често е оперативно невозможно бидејќи може да ги изложи одговорните лица и јавноста на ризици во случај на експлозивни, како и хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарни уреди од една страна, или да се оштетат при транспортот, од друга страна. Генерално кажано, недоволно е истражена можноста да се приберат докази до експертите, а со цел откривање и уништување на овие направи, имено, за да се обезбедат процени и совети во реално време наменети за лицата кои први реагираат на местото каде се пронајдени ваквите направи.

Како резултат на непочитување на стандардните процедури, односно несоодветно постапување при пронаоѓањето на неексплодираните убојни средства во нашата држава, настанале одредени последици, при што настрадале вкупно 1.083 лица, од кои до 2007 година починале 40 лица. Во последните 10 години во несреќи предизвикани од експлозивни направи загина 1 цивил, а 3 цивили и 3 техничари од Дирекцијата за заштита и спасување се повредени.

Република Северна Македонија е потписничка на Конвенцијата за забрана на употреба, складирање, производство и пренос на противпешадиски мини и нивно уништување, вообичаено наречена „Конвенција од Отава“ или „Договор за забрана на мини“ и затоа ги прифати сите обврски според неговите одредби. Покрај Конвенцијата од Отава и дополнителните протоколи, Република Северна Македонија прифати и други меѓународни прописи кои го регулираат прашањето за забрана или ограничување на употребата на мини и други експлозивни направи, според кои е должна да ги спроведе тие мерки и активности за заштита на населението и материјалните добра. Во тој контекст, треба да се нагласи дека Република Северна Македонија целосно ги почитува тие меѓународни прописи и е земја која нема и не користи противпешадиски мини.

## СПРАВУВАЊЕ СО ИМПРОВИЗИРАНИ ЕКСПЛОЗИВНИ НАПРАВИ

Денес, тероризмот претставува непосредна голема закана за државите и меѓународната заедница. Процесот на подготовка на терористичките акти трае долго и зависи од подготвеноста и финансиите со кои располагаат терористичките групи. Таинственоста и конспиративноста им се главни карактеристики на овие групи. Често,

експлозивните средства со кои ги извршуваат терористичките акти ги произведуваат сами. Широкиот спектар на вакви убиствени импровизирани експлозивни направи им дава можност на терористичките групи да ги користат во остварување на своите цели на најразлични начини. Но, откривањето и деактивирањето/уништувањето на ваквите импровизирани експлозивни направи се предизвик за институциите на безбедносниот систем.

Класичните методи на конвенционално војување во досегашната практика со откривање и уништување на современите безбедносни закани меѓу кои се и заканите од импровизирани експлозивни направи не даваат позитивни резултати. Но, современото војување или, пак, современото противбунтовничко војување доста систематски приоѓа кон проучувањето на ваквите закани. За таа цел, потребно е зголемување на домашниот и меѓународниот ангажман и заеднички одговор во справувањето со ваквите закани, вклучително и унапредување на разузнавачките информации и анализи и подобрување на оперативното планирање на релевантните институции.

Иако е постигнат голем напредок во техниките за идентификување, деактивирање и отстранување, како што се беспилотните возила за отстранување бомби, реалноста е дека експертите и опремата нема секогаш да бидат веднаш достапни за справување со овие ситуации. Во повеќето сценарија, заканите како што се неексплодираните убојни средства и импровизираните експлозивни направи ќе бидат откриени од лица кои не поседуваат таква експертиза. Идентификацијата и евалуацијата на заканата мора да почека додека специјализираните единици да пристигнат на местото на настанот и да ја утврдат природата и нивото на заканата и да ги спроведат следните чекори, одложувајќи го противдејството во временски чувствителни и опасни околности. Сепак, дури и кога тимовите за отстранување пристигнуваат, постои широк спектар на потенцијални уреди и муниција кои не се секогаш лесно препознатливи. Поради тоа, постои потреба за блиска координација на повеќе служби и експерти за ефикасно отстранување на сомнителните или познатите закани и обезбедување на околната област, што подразбира овозможување, комуникација и споделување информации помеѓу тимовите на терен и надвор од локацијата.

Експлозивните направи, како што се неексплодираните убојни средства и импровизираните експлозивни направи, се критична закана за членките на НАТО и земјите партнери. На глобално ниво, илјадници луѓе ги губат своите животи или секоја година се соочуваат со тешки физички и психички повреди поради импровизираните експлозивни направи конструирани од терористички и бунтовнички групи, како и

остатоци од НУС од минатите конфликти. На местото каде што се пронајдени, единиците задолжени за справување со нив се особено изложени на ризик и бараат нови решенија за: 1) брзо идентификување експлозивни направи, 2) безбедно спроведување на далечинска анализа и 3) подобрување на соработката во реално време помеѓу одговорните лица кои први пристигнале на местото, единиците за идентификување и детектирање и експертите кои се наоѓаат надвор од локацијата.

Во Република Северна Македонија, две државни институции се одговорни за постапување со експлозивни направи.

Првата е Дирекцијата за заштита и спасување која е надлежна за спроведување на мерката заштита од неексплодирани и други видови експлозивни направи. Според законската регулатива (Законот за заштита и спасување и соодветните подзаконски акти), мерките вклучуваат:

- теренско пребарување и пронаоѓање;
- пронаоѓање неексплодирани убојни средства;
- обележување и обезбедување на теренот;
- онеспособување и уништување на сите видови неексплодирани убојни средства и други експлозивни направи;
- транспорт до определеното и уредено место на уништување;
- безбедносни мерки при транспорт.

Втората институција одговорна за операциите на откривање, деактивирање и уништување е Министерството за внатрешни работи (МВР), кое постапува со импровизирани експлозивни направи и презема соодветни превентивни мерки за заштита. Униформираните полициски службеници – припадници на Министерството за внатрешни работи се првите кои доаѓаат и го обезбедуваат местото каде што е пронајдено неексплодирано убојно средство или импровизирана експлозивна направа. Експертите од Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења (ОКТИВ) и Одделот за сериозен и организиран криминал работат на идентификација, подоцнежни анализи, деактивирање и/или уништување и документирање на пронајдените средства кои во одредени случаи се употребени и за терористички цели. Во процесот на откривање на импровизирани експлозивни направи се вклучуваат и единиците за службени кучиња на систематски и методско-истражувачки начин, кои со помош на пребарувачките квалитети на кучињата ги детектираат и откриваат ваквите средства.

Меѓуинституционалната комуникација, координацијата, размената на искуства и давањето помош и асистенција се особено

значајни во справувањето со неексплодирани убојни средства и импровизирани експлозивни направи. Па така, на пример, покрај МВР, стручно знаење и експертиза имаат и во тимот за уништување на неексплодирани убојни средства (ЕОД тим) на Армијата на Република Северна Македонија кои се солидно екипирани со стручен и образован кадар, заштитна опрема и средства за работа и истите се соодветно меѓународно вмрежени.

## ПРИМЕНА НА МОДЕРНИ КОМПЈУТЕРСКИ АЛАТКИ ЗА СОБИРАЊЕ ДОКАЗИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА НУС И ИЕН – ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПОСТИГНУВАЊАТА ВО ВЕКТОР ПРОЕКТОТ

Употребата на модерна технологија е предмет на континуиран интерес на академската јавност (Малиш-Саздовска, 2016). Во управувањето со ризици од катастрофи, тоа е опширно истражувано. Вјас и Десаи велат дека сега во ерата на технологијата било полесно да се менаџираат катастрофите, и природните и оние предизвикани од луѓето. Информатичката технологија е корисна за нивно спречување и закрепнување... може да се забележи дека технолошкиот напредок во форма на интернет, географски информациски систем, далечинско набљудување, сателитска комуникација итн, може многу да помогне во планирањето и спроведувањето на мерките за намалување на опасностите (Vyas & Desai, 2007).

Широкиот спектар на технологии кои се користат во сите четири фази на управување со катастрофи (подготвеност, ублажување, одговор и закрепнување) се далечинско набљудување, географски информациски систем (GIS), глобален систем за позиционирање (GPS), сателитски навигациски систем, сателитска комуникација, радиокомуникација, телевизија и радиоемитување, телефон и факс, мобилни телефони, видеоконференции, мрежни технологии, интернет, електронска пошта, онлајн управување со бази на податоци, информациски системи и мрежи за катастрофи, како и роботика (Rathore, 2016).

Воздушната роботика, вклучително и беспилотните летала, односно дроновите, покажуваат огромен потенцијал да ја трансформираат хуманитарната помош. Користејќи ја оваа технологија, организациите можат поефикасно да го мапираат теренот, да ја проценат штетата во реално време, да ја зголемат свесноста за ситуацијата преку мапирање со висока резолуција и да испорачуваат предмети побрзо, поевтино и поефикасно. Пониски по цена, полесни по

тежина и потивки од хеликоптери или авиони, со однапред програмирани рути кои им овозможуваат да летаат во услови опасни по животот, овие „дигитални апарати“ обезбедуваат пристап до, инаку, недостапни области. Покрај тоа, инфрацрвените камери и софистицираните системи за слушање им овозможуваат на дроновите да откриваат преживеани под урнатините или помеѓу пламените јазици, како и ноќните снимки од пренос во живо, зголемувајќи го успехот на критичните спасувачки напори (Yoo, 2021). Воведувањето паметни телефони и таблети не е нешто ново во индустријата. Овој тип на комуникација се користи за снимање и преземање податоци, како што се итни повици и медицинска евиденција. Како што напредува технологијата, се очекува дека напредокот како 5G ќе продолжи да ја подобрува мобилната технологија и да ги охрабрува операциите за пожар и спасување да ја зголемат нивната употреба на мобилни телефони за подобрена комуникација.

Некогаш во голема мера се сметаа за средства за користење во слободно време и за хоби, но денес, беспилотните летала се користат за неколку намени во многу различни индустрии. Во моментов во тек се бројни прототипови на беспилотни летала дизајнирани да доставуваат дефибрилатор на оние во опасни ситуации. Со овој тип на технологија, достапна за оние во опасни ситуации, пожарникарите би можеле да имаат потенцијал да спасат уште повеќе животи (Brown, 2021).

Напредокот на информатичката и комуникациската технологија беше поттик за развивање и спроведување на двегодишниот меѓународен проект ВЕКТОР – алатка за виртуелно собирање докази за идентификација и онеспособување неексплодирани убојни средства[38]. Министерството за внатрешни работи заедно со Дирекцијата за заштита и спасување (ДЗС) се двете институции, крајни корисници, во рамките на овој проект. ВЕКТОР е мултинационален проект во рамките на Програмата на НАТО – Наука за мир и безбедност која се спроведе во периодот од 1.7.2020 до 30.9.2022 година. Факултетот за безбедност – Скопје (www.fb.uklo.edu.mk) беше спроведувач на проектот во Република Северна Македонија заедно со ЦЕНТРИК – Центар за извонредност во истражувањата за тероризам, отпорност, разузнавање и организиран криминал при Шефилд Халам Универзитетот од Обединетото Кралство (www.research.shu.ac/centric/), Школата за наука и технологија при Универзитетот во Сараево, Босна и Херцеговина (www.ssst.edu.ba) и ЦЕРТ – Центарот за истражување и технологија Хелас од Грција (www.iti.gr).

[38] https://projectvector.net/

Во проектните активности од страна на Министерството за внатрешни работи, активно беа вклучени два организациски ентитета: ОКТИВ – Одделот за криминалистичко технички испитувања и вештачења и Одделот за антитероризам – Сектор за борба против тероризам, насилен екстремизам и радикализам.

ВЕКТОР проектот креираше модерно решение за идентификација на експлозивни направи, со што ќе се овозможи скратување на времето за постапување на безбедносните органи и побрзо и поефикасно справување со опасноста.

ВЕКТОР проектот разви интегрирано решение за идентификација, анализа, класификација и реагирање на експлозивни направи. Со спојување на 3D фотограметрија, зголемена вештачка интелигенција и технологии за виртуелна реалност, се разви комплексна алатка која може да се користи во широк опсег на оперативни сценарија за отстранување на експлозивни направи.

ВЕКТОР проектот ги обезбедува следните способности за подобрување на безбедноста и ефикасноста на операциите со неексплодираните убојни средства и импровизираните експлозивни направи, и како резултат на тоа, безбедноста на поширокиот регион и државата:

- мултимедијално снимање – за собирање докази за неексплодираните убојни средства и импровизираните експлозивни направи;
- препознавање на предмети – за да се идентификува типот на експлозивната направа која е пронајдена и е предмет на интерес;
- 3D фотограметрија – за обработка на слики и преработка во 3D објекти;
- три виртуелни лаборатории – за далечинска анализа во VR средини и 2D интерфејси;
- софтвер за виртуелен асистент – со интерфејс за проширена реалност кој ќе ги води корисниците во користењето на системот;
- прирачници за корисници – за подобрување на операциите на терен.

ВЕКТОР проектот обезбедува паметно решение за да им овозможи на лицата кои први реагираат да испратат разузнавачки информации до далечински експерти и да добиваат акциски совети преку апликација за мултимедијално снимање и платформа за команда и контрола во реално време. Со синтетизирање на врвна 3D

фотограметрија, препознавање слики и технологија за зголемена и виртуелна реалност, ВЕКТОР проектот има за цел да ги подобри операциите за откривање, деактивирање и уништување на неексплодираните убојни средства и импровизираните експлозивни направи против широк опсег на закани.

Преку заедничко истражување на академските институции со владини и практични крајни корисници, резултатите на ВЕКТОР проектот се обидоа да ја подобрат брзината и точноста со која единиците за одговор и постапување при случаи со пронајдени неексплодирани убојни средства и импровизирани експлозивни направи се способни да анализираат, проценат и да одговорат на заканите. Со реплицирање на објекти од реалниот свет во 3D и нивно внесување во виртуелни лаборатории, вклучително и VR средини, експертите надвор од локацијата можат да комуницираат и детално да ги анализираат доказите. Ова овозможува побрза и подобра поддршка за одговорните за итни случаи во реално време вклучувајќи откривање и расчистување на неексплодираните убојни средства, спротивставување на импровизираните експлозивни направи, откривање на закана од експлозиви и други направи, како и собирање и анализа на форензички докази. Пред сè, ВЕКТОР проектот има за цел да ја зајакне безбедноста на членките на НАТО и земјите партнери преку обезбедување на приспособена, најдобра во класата алатка која ги надополнува и ги подобрува способностите на крајните корисници кои се одговорни за постапување при пронајдени неексплодирани убојни средства или импровизирани експлозивни направи на одредено место.

## Заклучок

ВЕКТОР алатката може да ја олесни работата во процесот на идентификација, како и поефикасна комуникација со експерти пиротехничари за анализа и неутрализирање на пронајдените средства. Новите технологии може да понудат и дополнителни можности за модернизирање на справувањето со неексплодираните убојни средства и импровизираните експлозивни направи и значително да ја помогнат работата на припадниците на Министерството за внатрешни работи. Во овој дел софтверот би можел лесно да препознае стандардна неексплодирана направа, доколку истата е поврзана за одредени предмети а, истовремено, и видлива. За поефикасно користење на софтверот, беше создаден и прирачник/водич со чекори за начинот на регистрирање, користење на апликацијата, препознавање на

фотографираните средства, комуницирање со другите експерти и користење на виртуелните лаборатории.

Од страна на учесниците експерти во проектот беше истакната предноста од користење воздухоплов без екипаж (дрон) во различни активности, особено при увид на местото на настанот што го спроведува Министерството за внатрешни работи, како со цел добивање и документирање висококвалитетни и значајни информации (фотографии и видеа), така и поради можноста за безбедно приближување до одреден сомнителен пакет кој потенцијално содржи експлозивна направа.

Тимот практичари од различни државни институции од безбедносниот систем и теоретичари од релевантните високообразовни институции кој полека се оформи преку нивната вклученост низ различни активности во проектот ВЕКТОР има одлична меѓучовечка комуникација, професионална соработка, размена на искуства и добри практики кои треба да продолжат да се развиваат понатаму, а дополнително да се продлабочуваат и на институционално ниво. Заедничкиот настап на ваков тим на практичари во меѓународни проекти значително може да помогне во надминувањето на слабостите, пополнувањето на празнините, модернизирањето на работата и осовременувањето на пристапот во справувањето со неексплодираните убојни средства и/или импровизирани експлозивни направи. Модерните технологии нудат неограничени можности за примена во секојдневните работни задачи, олеснување на пристапите и намалување на ризиците при постапувањето со неексплодирани убојни средства и/или импровизирани експлозивни направи.

## Користена литература


Babanoski, K., Malish-Sazdovska, M., Ivanov, A., Protection and Rescue of Population from Unexploded Ordnance (UXO) – Challenges with the Current Procedures Through Capacity Gap Analysis, International Yearbook of the Faculty of Security Skopje, 2021 (pp. 63-76), https://fb.uklo.edu.mk/wp-content/uploads/sites/10/2022/02/GODISNIK-2021-2-konecen.pdf

Brown, J. (2021, September 18). Retrieved from https://www.coopersfire.com/news/how-technology-may-change-fire-protection-and-rescue-in-2021/

*https://projectvector.net*

Ivanov, A., Malish-Sazdovska, M., Babanoski, K., Use of Modern Technology in the Protection and Rescue of Population from Unexploded Ordnance (UXO), Security Horizons, vol. III, no. 7, Skopje, 2022, (

Bruneau, M., Chang, S., Eguchi, R., Lee, G., O'Rourke, T., Reinhorn, A., . . . von Winterfeldt, D. (19, 4). A framewrok to quantitatively asses and enhance the seicmic resilience of communities. *Earthquake Spectra*, pp. 733-752.

Byrnes, J. (2009). *Unexploded Ordnance Detection and Mitigation.* Newport: Springer.

Cutter, S. L., Barnes, L., Berry, M., Burton, C., Evans, E., Tate, E., & Webb, J. (2008, July 29). A place-based model for understranding community resilience to natural disasters. *Global Environmental Change,* p. 601.

Essex-Lopresti, T. (2005). *A brief History od Civil Defence.* Derbyshire: Civil Defence Association.

Fontes de Meira, L., & Bello, O. (2020). *The use of technology and innovative approaches in disaster and risc menagement.* Santiago: United Nations.

*https://www.slobodnaevropa.mk/*. (2021, September 18). Retrieved from https://www.slobodnaevropa.mk/: https://www.slobodnaevropa.mk/

Lindell, M. K., & Prater, C. S. (2003, November 1). Assessing Community Impacts of Natural Disasters. *Natural Hazards Review, 4,* pp. 176-185. doi:10.1061/(ASCE)1527-6988(2003)4:4(176)

MacDonald, J., Knopman, D., Clancy, N., McEver, J., & Willis, H. (2004). *Transferring Army BRAC Lands Containing Unexploded Ordnance.* Santa Monica: RAND Corporation.

McGrath, R. (2000). *Landmines and Unexploded Ordnance A Resource Book.* London; Sterling; Virginia: Pluto Press.

Rathore, V. (2016). Technology in Disaster Management and Disaster Risk Reduction: A Review of Applications. *Journal of Environment and Earth Science, 6,* pp. 143-145. Retrieved september 18, 2021, from https://core.ac.uk/download/pdf/234664575.pdf

Schütte, R. (2013). *Civilian Protection in Armed Coflicts.* Berlin: Springer VS.

Vyas, T., & Desai, A. (2007). Information technologu for disaster management. *Proceedings from National Conference; INDIACom-2007* (pp. 1-6). New Delhi: Bharati Vidyapeeth University Institute of Computer Applications and Menagement.

Yoo, T. (2021, September 18). *© 2021 World Economic Forum*. Retrieved from https://www.weforum.org/: https://www.weforum.org/about/world-economic-forum

Солунчевски, М. (2014). *Цивилна заштита.* Свети Николе, Битола: Факултет за Безбедносно инженерство.

pp. 13-24) https://fb.uklo.edu.mk/wp-content/uploads/sites/10/2022/10/TOM-2.2022-konecen.pdf

Malish-Sazdovska, M., (2016, 21-22 April) Application of New Software Solutions In Criminal Investigation, *PROCEEDINGS OF THE 5TH INTERNATIONAL SCIENTIFIC AND PROFESSIONAL CONFERENCE The Police College Research Days in Zagreb New Technologies and*

*Methods Used for Improvement of the Police Role in Security Matters*, Zagreb, Croatia

Rathore, V. (2016). Technology in Disaster Management and Disaster Risk Reduction: A Review of Applications. *Journal of Environment and Earth Science, 6*, pp. 143-145. Retrieved September 18, 2021, from https://core.ac.uk/download/pdf/234664575.pdf

The Convention on the Prohibition of the Use, Stockpiling, Production and Transfer of Anti-Personnel Mines and on Their Destruction („Ottawa Convention“ or „Mine Ban Treaty“) https://treaties.un.org/Pages/ViewDetails.aspx?src=IND&mtdsg_no=XXVI-5&chapter=26&clang=_en

Vyas, T., & Desai, A. (2007). Information technology for disaster management. *Proceedings from National Conference; INDIACom-2007* (pp. 1-6). New Delhi: Bharati Vidyapeeth University Institute of Computer Applications and Management.

Yoo, T. (2021, September 18). *© 2021 World Economic Forum*. Retrieved from https://www.weforum.org/: https://www.weforum.org/about/world-economic-forum

Солунчевски, М. (2014). *Цивилна заштита.* Свети Николе, Битола: Факултет за Безбедносно инженерство.

МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ **БЕЗБЕДНОСТ**

БЕЗБЕДНОСТ 8/23